| книга | едиција | автори | |
|---|---|---|---|
| 2 | градот | 14 автори | |

наслов | поднаслов | зборник текстови за проектот „скопје 2014“

# КРАДАТ ГРАД!

издавач: темплум & плоштад слобода | година: 2010



ВО КОРАНОТ СЕ ЗАПИШАНИ ЧУДНО-СМЕШНИТЕ КЛЕТВИ ДЕКА СИТЕ ГРАДОВИ НА СВЕТОТ ЌЕ БИДАТ СРУШЕНИ, А ГРАЃАНИТЕ ЌЕ БИДАТ ПРЕТВОРЕНИ ВО МАЈМУНИ.

Уредник на едицијата: Никола Гелевски
Графичко уредување и дизајн: Кома

Издавачи:
„Темплум“ и „Плоштад слобода”

www.templum.com.mk
templum@t-home.mk

Издавањето на книгата е поддржано од Фондацијата Институт отворено општество - Македонија

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

711.4(497.711)(049.3)

КРАДАТ град : зборник текстови за проектот "Скопје 2014". - Скопје : Темплум, 2010. - 96 стр. ; 21 см. - (Едиција Градот ; кн. 2)

ISBN 978-9989-189-69-2

а)“Скопје 2014“, проект – Ставови и мислења

COBISS.MK-ID 82239242

едиција
ГРАДОТ

книга
2

# КРАДАТ ГРАД!

## зборник текстови за проектот „скопје 2014“

## 14 автори

„Темплум” и „Плоштад слобода”
Скопје, март, 2010

# содржина


Мирослав Грчев
Архитектонска психопатологија 9

Дејан Буѓевац
Скопје 2014 – омаж на кичот 15

Драган Поповски
„Па, нека се бунат...“ 23

Влатко П. Коробар
ЕКСПО 2014 27

Радмила Шеќеринска
Леголенд 32

Сања Раѓеновиќ-Јовановиќ
Да го скршиме сопственото огледало 36

Мерсел Биљали
Неронизам 40

Жарко Трајаноски
Антикоманија на паланката 45

Прва Архи-бригада
Против ѕидот на кичот 49

Прва Архи-бригада
Министерката за култура против Ајфеловата кула 55

Петрула Костовска
Море од стилови без идејна потпора 59

Ана Ангелова
Чунки Чукнати 63

Ристо Лазаров
Разгледници 69

Томислав Османли
Крадат град 73

Михаил Токарев
333 историски поуки и аналогии 77

Мирослав Грчев
Беззаконие кое води во поделба на државата 87

## предговор

Кога Гилгамеш, легендарниот сумерски принц и авантурист, се враќал од своите опеани талкања, најпрвин се симнувал во водата на одбранбениот круг околу тврдините и ја завлекувал раката во калта за да провери дали добро се држат темелите на градот. Веројатно се плашел од тонењето на својот мил град, Урук.

Оваа едиција исто така има намера да ги преиспитува и чува темелите пред сè на нашиот сопствен град, но и духовните темели на градот сфатен како цивилизација, пристојност и толерантност. Како што потсетува големиот архитект, урбанист и писател, Богдан Богдановиќ, зборот урбанитет од 14 век па сè до денес во повеќето европски јазици го означува истото: артикулираност, стокменост, усогласеност на мислата и зборот, зборот и чувството, чувството и движењето...

Урбаноста на Скопје деновиве драматично е загрозена со налудничавиот императорски план архитектонски да се антиквизира центарот на градот. Лошото е што речиси не постојат ефикасни начини да му се спротиставиме на силеџиството на власта, со оглед на нејзината брутална и нетолерантна природа. Доброто е што се разбудени и мобилизирани многу мислечки луѓе и во земјата и во градот. И едицијата и конкретнава книга се резултат на разбуденоста и загриженоста и се обид да спасиме што може да се спаси пред походот на „архитортурата“.

**Во првите две книги од едицијата „Градот“ застапени се вкупно 27 автори со 31 прилози. Им благодариме на сите нив за љубезноста и за правото текстовите да ги реобјавиме. Им**

**благодариме и на медиумите каде што текстовите првично беа публикувани: Утрински весник, Дневник, Окно, Глобус, Сега, Нова Македонија, Фокус, Капитал, pab.blog.mk и femgerila.crnaovca.mk.**

Добро е, исто така, што во јавноста имаше многу повеќе реакции од нашата можност сите да ги реобјавиме. Меѓу најавторитетните реакции сигурно спаѓа соопштението од вонредното собрание на „Асоцијацијата на архитектите на Македонија", од кое го пренесуваме клучниот завршен дел:

> „Ние, архитектите, заедно со граѓаните, сме ставени во недостојна позиција. И стручното и општото јавно мислење е исклучено во донесувањето на извонредно важни решенија од проектот СКОПЈЕ 2014. Нужно е да се огласат оние кои мислат и делуваат поинаку.
>
> Нашата теза не нуди готови решенија, таа има за цел да отвори прашања, да развие темелни дискусии, да го продолжи процесот на договарање и одлучување.
>
> ААМ се оградува од проектот СКОПЈЕ 2014 ваков како што е, затоа што во целост му недостига и временски, и географски, и политички, и економски, и културен, и социјален контекст. Тој е стручно неиздржан. Тој не ја антиципира иднината."

*издавачите*

мирослав грчев



1

# архитектонска психопатологија

Архитектонските факти се можеби најбогатите ризници на податоци за општествата во кои се создадени.

И во современите цивилизации „читањето“ на архитектонските факти во некои ситуации може да обезбеди појасен и подлабок увид во вистинските мотиви за нивното градење, како и во вистинските состојби на општествата во кои настанале. Тоа особено важи за државните згради и споменици во автократски режими, во простори заситени од државно-пропагандните лаги: таму архитектурата станува единствениот искрен исказ на власта и материјален сведок за состојбата на духот на владетелите. Тогаш, во неволја, архитектурата и скулптурата стануваат симптоми на болеста на авторитарната власт. Имплицитно, тие стануваат и симптоми на степенот на затруеност и затапеност на населението кое ја поддржува

СИТЕ РЕТРОГРАДНИ ДЕСПОТИИ ИМААТ ЗАЕДНИЧКИ ИМЕНИТЕЛ: ТИЕ СЕ ОТКАЖУВААТ ОД СОПСТВЕНИОТ ИДЕНТИТЕТ ВО ПОЛЗА НА НОВ, ИЗМИСЛЕН. ТИЕ ЈА БРИШАТ ЕДИНСТВЕНАТА ПОЗНАТА, КОДИФИЦИРАНА ИСТОРИЈА НА НАЦИЈАТА И ГО БАРААТ НОВИОТ ИДЕНТИТЕТ, ПОТЕКЛОТО НА НАРОДОТ, СИМБОЛИТЕ И ЈУНАЦИТЕ ВО ДАЛЕЧНОТО НЕСТВАРНО МИТОЛОШКО МИНАТО.

или трпи таа власт, и конечно, симптоми на една општествена психосоцијална патологија.

Македонците денес живеат буквално заглушени од државната пропаганда: секој поединечен исказ на владините гласноговорници е лага! Ова редундантно лажење е вешто вкалкулирано од владините советници за пропаганда, зашто просечниот човек, колку и да е итар, со инстинктот за самоодржување како да мора да верува во добар дел од лагата во која се дави. Единствените искрени искази на нашата инфантилно лажлива власт се зградите и скулптурите што грозничаво и забрефтано ги гради како да страда од градителска колера. За толкувањето на овие творби - тие весници на неволјата, се неопходни историски аналогии, јасни историски вистини, ослободени од пристрасноста на денот.

Сите ретроградни деспотии имаат заеднички именител: тие се откажуваат од сопствениот идентитет во полза на нов, измислен. Тие ја бришат единствената позната, кодифицирана историја на нацијата и го бараат новиот идентитет, потеклото на народот, симболите и јунаците во далечното нестварно митолошко минато. Хитлер, на пример, го преземал нацистичкиот поздрав од средновековниот германски крал Фредерик Барбароса, кој пак оваа кореографија ја преземал од античкото римско царство. Железниот крст е преземен од убиствениот и харизматичен ред на крстоносците Темплари. Орелот во грбот и комплетот државни инсигнии, банери и амблеми Хитлер ги преземал од римските цезари. За свастиката, амблемот на националсоцијалистичката пар-

тија, посегнал уште подлабоко во туѓото минато. Веројатно најдинамичниот, најмоќниот и најпрегнантниот геометриски симбол во историјата, бил познат уште во неолитот, а широко користен од најстарите култури на индиските, кинеските и егејските простори. Идејата за ариевската раса на надлуѓе потекнува исто така од средниот исток, од предперсиското племе Арии (во значење: надлуѓе) од кои се сметало дека потекнува санскритот и сите индоевропски јазици.

Обредната кореографија, симболиката на знаците, а најмногу од сè - архитектурата, Хитлер ги третирал со страст и посветеност како да се работи за најважните државни приоритети. Архитектурата била инспирирана од доминантните улични оски, колонадите и куполите на римската империја, и овие мотиви - хипертрофирани во гигантски размери, биле бесконечно мултиплицирани во нацистичка Германија.

Независната Држава на Хрватите, тој најмонструозен приврзок на нацистичка Германија, не успеа да продуцира архитектура - веројатно поради презафатеност со истребување на српското население и Евреите, но (за нас Македонците особено интересно) успеа да го смени идентитетот на нацијата „докажувајќи“ го несловенското потекло на Хрватите. Според етногенетичарите на Анте Павелиќ, Хрватите потекнуваат од Иран, од источно персиската провинција која во времето на Дарие и Ксеркс се викала Харауватија!

**МАЛОУМНАТА ИДЕЈА ДЕКА ФИЗИЧКАТА ГОЛЕМИНА Е НАЈСИЛНАТА ПОРАКА САМА ЗА СЕБЕ, И ДЕКА ТАА Е СПОСОБНА ДА ПРЕНЕСЕ И ПОРАКИ ЗА ДУХОВНОТО И КУЛТУРНОТО, ВО ДЕСПОТИИТЕ СТАНУВА ТАЖНО ВИСТИНИТА.**

Садам Хусеин, веројатно најподатниот пример на современ деспот, својот поглед наназад го фокусирал на месопотамската цивилизација и на едно од

најславните царства во историјата - Вавилонското царство. Садам размислувал сосем логично, зашто врската помеѓу денешните Ирачани и Месопотамците од пред 3000 години е исто толку веродостојна како нашата и грчката поврзаност со Македонците на Александар Велики. Елем, една од првите градителски одлуки на модерниот деспот била да ја „обнови“ кралската палата на Набукодоносор Втори во глинестите урнатини на некогаш величествениот Вавилон. Начинот на „обновувањето“ бил идентичен со нашата современа државна метода: без податоци за вистинскиот изглед на некогашната палата, но со многу ентузијазам во измислувањето на историската новоградба!

Второ заедничко својство на модерните деспотии е мегаломанската архитектура и скулптура. Дали причина за ова е малограѓанскиот кичерски вкус на деспотите или можеби се работи за нивно инстинктивно сознание дека големината, а не убавината најмногу ги фасцинира простите народни маси, или двете заедно, ќе остане за одгатнување. Како и да е, државните згради на овие режими се првин големи, а потоа сè друго. Малоумната идеја дека физичката големина е најсилната порака сама за себе, и дека таа е способна да пренесе и пораки за духовното и културното, во деспотиите станува тажно вистинита. Димензиите на партиско-државниот крст на Водно и на споменикот на Букефал на плоштадот Македонија се докази дека истата психосоцијална патологија владее и со македонското општество.

Нарачувајќи му го на Шпер проектот за новата Канцеларија на Рајхот, Хитлер му нагласил дека сака архитектонски простори кои „ќе ги импресионираат луѓето“. Оваа нарачка резултирала со Канцеларија долга 400 метри, во која приемната галерија на Фирерот била долга 145 метри, а неговиот личен кабинет бил со површина од 400 квадратни метри! Неизградената Народна хала или Хала на славата била инспирирана,

според Шпер, од Адријановиот Пантеон во Рим, и била проектирана како огромна купола со дијаметар од 250 метри, поставена на гранитен подиум од 315/315 метри, вкупно висока над 300 метри (колку што се стокатниците на Груевски)!

**НАШИТЕ И ДЕСПОТСКИТЕ СПОМЕНИЦИ СЕ ИЗГРАДЕНИ ОД ИСТИ МОТИВИ, ТИЕ СЕ ПРОИЗВОД НА ИСТАТА СОСТОЈБА НА ДУХОТ, ТИЕ СЕ, ЗНАЧИ, СИМПТОМИ НА ИСТА ПСИХОСОЦИЈАЛНА ПАТОЛОГИЈА НА ОПШТЕСТВОТО!**

Насетувајќи ја сопствената пропаст во форма на трагикомичен победнички триумф, Садам отпочнал со изградбата на најголемата џамија на светот во 1998 година - Садамовата џамија, која е и денес во изградба под името Алрахманова џамија. Џамијата е во форма на централна купола опкружена со осум помали куполи, значи осмоаголник впишан во круг со пречник од 250 метри и височина од околу 140 метри - сосем доволно да претствува пропусница со која Садам од бесилка веројатно влегол директно во рајот.

Деспотите секогаш декларираат лажен мотив за изградбата на нивните згради и споменици, било да се работи за верски или за профани објекти. Вистинската причина за дијареичното градење се секогаш „козјите уши на кралот“, тоа е јавната тајна која несопирливо и бесрамно протекува и засмрдува од нивната кич „архитектура и уметност“. Се што прават деспотите, прават за себе, за својот гигантски егоизам и суета, за својата единствена хипертрофирана страст - за својата апсолутна власт. Грандоманската архитектура и уметност го храни егото на деспотите и го лечи нивниот комплекс на инфериорност. Но државниот кич ја „храни“ и социопатијата на разочараната средна класа и лумпенпролетаријатот, на чии чувства на пониженост деспотите се искачиле на власт!

Некој можеби ќе забележи дека споредбата на Груевски со Хитлер и Садам е несоодветна и претерана. Тоа би било точно ако ги споредуваме појавите по нивната големина или малигност. Секому му е јасно дека тие згради се поголеми од нашите и дека тие режими биле, за наша среќа, многу помалигни од нашиот. Но суштината на вистинската аналогија е што таа воспоставува корисни и илустративни сличности на едно подлабоко структурално ниво. Нашите и деспотските споменици се изградени од исти мотиви, тие се производ на истата состојба на духот, тие се, значи, симптоми на иста психосоцијална патологија на општеството! Нема никаква сомнеж дека владините проекти се симптом на малигна болест, на национал-социјалистичката состојба на духот, која очигледно нема потенцијал да стане смртоносна како во нацистичка Германија или Ирак, но може да биде сосем доволно смртоносна за нашата кревка држава и болешлива демократија.

„Сега“, 14.05.2009.

*Мирослав Грчев е професор на скопскиот Архитектонски факултет*

дејан буѓевац

2

# Скопје 2014 – омаж на кичот

„Улогата на архитектурата е да слави. Таму каде што нема што да се слави, нема ни архитектура“, забележа Лудвиг Витгенштајн. Тука може и треба да се спомне и психоаналитичката дијагноза на Жижек. Според него, градењето споменици (како „инвестирање во минатото“) не е вистински позитивен однос кон минатото, како што и уништувањето на споменициte од минатото не е вистинска негација на минатото. Според Жижек, станува збор за „беспомошен passage a l’acte“, чиста игра на неуспех во ослободувањето од минатото. Целта на овие „инвестирања во минатото“, според Жижек, е да не се промени ништо, односно да не се случат вистинските промени кои му се потребни на општеството.

Во моментов ние се соочуваме со непредвидливиот државен проект насловен „Скопје 2014“, со кој на централното јадро

**НАМЕРАТА НАРЕЧЕНА „СКОПЈЕ 2014" Е ЦЕЛОСНО РАЗМИНУВАЊЕ СО РЕАЛНОТО ВРЕМЕ И ОПКРУЖУВАЊЕТО ВО КОЕ СЕ СЛУЧУВА. ТОА Е СУШТЕСТВЕНИОТ МОМЕНТ НА ОВОЈ ПРОЕКТ.**

на градот му се предвидува целосно нова „урбанизација“, односно му се дава нов политички, национален, етнички, културен и социјален контекст. Во прашање е архитектонска и споменична замисла која на терен веќе се остварува, а која во изминатиов период жестоко ја испровоцира овдешната стручна и јавна мисла, и тоа од повеќе аспекти: од самата финална претстава за тоа како треба да изгледа овој проект презентиран преку 3Д анимација, од самите имиња на главните актери кои се вклучени во целиот проект, од нетранспарентноста околу измените на Деталниот план за „Малиот ринг“, од финансиските средства кои се планираат за целиот проект, од немањето темелна дискусија од страна на струката и целосната исклученост на општото јавно мислење...

Од друга страна, уште поголема вознемиреност и конфузија предизвикуваат и податоците за тоа кој е всушност нарачателот на „Скопје 2014“. Па така, никој нема да ви каже или потврди, дали нарачателот на проектот е Владата, дали автор на проектот е проектантската куќа „ИНПУМА“ или некоја друга фирма; каде започнуваат а каде завршуваат обврските на градот Скопје и општината Центар околу проектот, какво е мислењето на институциите како што е Агенцијата за просторно планирање; кој е авторот на предложениот концепт за измените на Деталниот план за „Малиот ринг“, дали се преземени какви било или целосни урбанистички анализи на определениот простор, и конечно, зошто за ваков огромен потфат немало меѓународен урбанистички конкурс... Ако сакате да дознаете поконкретни информации за оваа архитектонско-урбанистичка визија на центарот на Скопје вреден 200 милиони евра (според некои информации, и многу повеќе), нема да добиете јасен одговор, односно, одговорот

е еден: „Сите сме во игра, ама прашај го другиот...“ Значи, не може да се добие одговор кој ќе ја преземе одговорноста (морална и професионална) од целиот потфат ако се реализира до крај, и ако во иднина дојде до несогледливи и непознати последици по градот и неговото функционирање.

Тука треба да се спомене дека со идејата за овој мегаломански проект, непредвидлив за градот Скопје, се запознаени и значајни имиња од светската архитектура и урбанизам, кои кажано во кратки црти, изразуваат само шок и чудење од замислената идеја за „Скопје 2014“. Според нив, станува збор за лоша копија на историјата, за неоригиналност и несфатлива мешавина од стилови, и дека на овој начин се сака да се направи нешто страшно на еден европски град. Едноставно, нема да слушнете позитивно мислење од реномирано архитектонско име. Според бразилскиот архитект Педро Мореира станува збор за лоши и неинвентивни копии кои само „потсетуваат“ на некои други градби, додека според Дејан Суџиќ, актуелен директор на Музејот за дизајн во Лондон, „во име на националниот идентитет да се создаде нешто што личи на хотел во римски стил – палатата на Цезар во Лас Вегас, е шокантна и страшна работа“. За познатата архитекта од Берлин, Нина Неделков, нејасно е „зошто современата архитектура не е составен дел од урбанистичките визии, и зошто немало меѓународен конкурс за да се изнајдат подобри решенија“. Според неа, станува збор за градби и визии кои имаат аналогија со големите урбанистички планови на Романија (од времето на Чаушеску). Според славниот сер Норман Фостер, едно од водечките имиња на светската архитектура, „архитектот не може да убедува бидејќи нема моќ, особено не во однос на локалните политичари, но може да брани нешто што ќе биде корисно и ќе ги задоволи не само приватните, туку и јавните барања“.

Секако, тука треба да се истакнат и реакциите на членовите на Асоцијацијата на архитектите на Македонија, кои на неодамнешното вонредно Собрание јасно и гласно се спротивставија на проектот „Скопје 2014“, односно прашуваат „дали со експлозивното претставување на проектот 'Скопје 2014' не е настаната вонредна состојба во македонската современа архитектура?“, и дали со овој проект Скопје е веќе претворен во холивудска драма. Исто така, од страна на членови на македонското Здружение на ликовните критичари „АИКА“, е констатирано дека станува збор за политички и државен проект врз основа на принципот на исклучивост во постапката, и на тој начин, е поткопана независноста и автономноста на уметноста. Според нив, овој државен проект изразува некаков „наш“ историски континуитет и идентитет, а го укинува нашиот (современ) културен и уметнички потенцијал.

И покрај сите овие (можеби „задоцнети реакции“) аргументирани коментари и дебати во јавноста, никој не може да го сопре брмчењето на крановите и булдожерите во центарот на градот во реализацијата на проектот. Затоа, критиките дека реакциите од страна на стручната мисла во јавноста се задоцнети, сепак во целост не се аргументирани, бидејќи ако не сте консултирани, ако не сте транспарентно запознаени што всушност стои зад целиот проект за „урбанизација“ на централното градско јадро, ако не знаете кој е вистинскиот нарачател и кои се вистинските автори на поднесеното решение, тогаш секаква аргументираност и иницијатива за демократски и критички дебати паѓаат во вода, односно со сигурност стануваат смешни и патетични во очите на општествените идеолози на проектот „Скопје 2014“.

Не е ништо спорно, и нема ништо ново да се каже, ако се спомне дека архитектурата отсекогаш служела за конкретизирање на јавниот простор на одредена политичка идеологија или моќ. Употребата на архитектурата во демагошки и по-

> **ОВОЈ АРХИТЕКТОНСКИ ПРОЕКТ КОЈ СЕ ТЕМЕЛИ ИСКЛУЧИВО ВРЗ ДИКТАТОТ НА ПОЛИТИЧКАТА МОЌ СОСЕМА СИГУРНО ЌЕ БИДЕ ЗАПИШАН ВО ИСТОРИЈАТА НА АРХИТЕКТУРАТА КАКО ОПАСНА ПОЛИТИЧКА, НО И КАКО БЕЗНАЧАЈНА АРХИТЕКТОНСКА ВРЕДНОСТ. ЌЕ ПРЕТСТАВУВА НАЈБАНАЛЕН ПРИМЕР НА ПОИСТОВЕТУВАЊЕ НА АРХИТЕКТУРАТА СО ПОЛИТИЧКАТА ИДЕОЛОГИЈА.**

пулистички цели е вештина стара колку и самата архитектура. Нејзиното симболичко значење отсекогаш било круцијално во настанувањето на одредени стилови и движења во историјата на архитектурата. Во прашање е една традиција која ги креирала т.н. општи правила во создавањето на стилското и доминантното „расположение“ на градбите (Милош Бобиќ). Зависноста на архитектите од (не)вкусот на (политичките) инвеститори и општиот културен контекст во даден историски момент отсекогаш била толку силна што влијаела пробивот на новите идеи и визии да биде побавен отколку во другите творечки и уметнички дисциплини. Зависноста на архитектурата од заткулисните политички игри и мешетарења е најдобриот пријател на традиционалниот и догматскиот академизам. Стилските одлики на „академизмот“најчесто се резултат на политичката инструментализација на архитектурата, фрустрирачкиот вкус на општествените и културните идеолози, ригидниот и неразбирливиот однос кон поинаквото и индивидуалното, плакатното доживување на архитектурата...

Намерата наречена „Скопје 2014“ е целосно разминување со реалното време и опкружувањето во кое се случува. Тоа е суштествениот момент на овој проект.

Вака предвиден, овој архитектонски проект кој се темели исклучиво врз пактот со актуелниот диктат на владејачката политичка моќ, сосема е сигурно дека ќе биде запишан во историјата на архитектурата како опасна политичка, но и како безначајна архитектонска вредност. Ќе претставува најбанален пример на поистоветување на архитектурата со политич-

ката идеологија. Проектот „Скопје 2014“ има само една цел, освен огромната финансиска игра – демагошко освојување на простор за поборниците и следбениците кои прекинале да се однесуваат во согласност со современото и реално време и да се ориентираат кон иднината. Нивната „барокно-антиквизаторска“ непредвидлива ориентација, која силно заговара унитарна и идентификациска „реинтерпретација“ на одредени архитектонски и уметнички „стилови“ во некаква провинциска „постмодерна синтакса“, значи само спротивставување и одбивање на сите можни современи, граѓански, демократски залагања и дискусии во нашето општество; општество во кое владее диктатурата на иритирачки вулгарната лична „дизнификација“ вовлечена во сите пори на животот, а во архитектурата до крајност и недвосмислено.

**„СКОПЈЕ 2014" Е ЛОШО СИМУЛИРАНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА РАЗНИ ИСТОРИЦИЗМИ, „ПРАЗНА ПАРОДИЈА"; ПРОЕКТ КОЈ КОПНЕЕ ДА СТАНЕ ТОТАЛЕН ПРОСТОР - НЕКОЈ ВИД МИНИЈАТУРЕН ГРАД СО МАСИВНИ, ДИКТАТОРСКИ И ВОЗНЕМИРУВАЧКИ ДИМЕНЗИИ.**

Едноставно, „Скопје 2014“ е во целосен расчекор со реалностите и иднината на градот. Овој проект се сместува како „несносилива вечност“ во нашиот град, без надеж дека некогаш ќе се интегрира во целината на градот. „Скопје 2014“ е лошо симулирана презентација на разни историцизми, „празна пародија“; проект кој копнее да стане тотален простор – некој вид минијатурен град со масивни, диктаторски и вознемирувачки димензии. Со овој проект, ние дефинитивно присуствуваме на исчезнувањето на сензибилитетот за стабилен изглед: со „Скопје 2014“ се затвора кругот на дведецениската конфузна дерегулација на архитектурата, и се потврдуваат лошите и сурови архитектонски импровизации како единствени меродавни

форми на заедничкиот јавен простор, односно се потврдува архитектонското насилство и немањето граѓанското чувство за јавен интерес.

Проектантите на „Скопје 2014“ очигледно не разбрале дека суштината на Скопје е во неговата базична модерност (колку и да е таа поништена и провинцијализирана во последниве две децении), односно во неговата постојано современа недовршеност. Скопје како недовршен град, со една архитектонска одговорност која подразбира дефинирани/отворени процеси, концепции, создавања и реализации кои одговараат на современата свест и актуелната реалност, може да доживее квалитетна архитектонска и технолошка „рамка“ на функционирање.

Друг базичен проблем на овој проект, ако може да се именува како проблем, е што тој не овозможува и не толерира никаква критика. Во проектот нема што да се анализира и критикува. За што и да се закачите - од архитектонски, естетски, урбанистички, културолошки, историски аспект - останувате во состојба на несфатлива занеменост. Самата претстава, самото оправдување на проектот, односно самата визија за централното градско подрачје, е толку шокантна и надреална во својата архитектонска и естетска намена што не останува ништо друго, освен да го прифатите огромниот ненадминлив амбис меѓу неможноста за квалитетна, отворена и добронамерна критика и апсолутистичката и брутална/исклучива идеја на проектот изедначен со равенката: „Скопје 2014“ = национален идентитет. Тука, едноставно, не постои можност за конструктивна опсервација. Да не ги заборавиме и сега веќе легендарните конструкции „барок – хеленизам“ (пардон, македонизам), или неверојатната споредба со Ајфеловата кула во однос на (не)прифаќањето на „нови“ и „неразбирливи“ архитектонски решенија!

## НА СКОПЈЕ МУ ТРЕБА КУЛТУРОЛОШКИ, А НЕ САМО БАГЕРСКИ ЗАФАТ.

Или изјавите на бранителите на „Скопје 2014“ дека „на некого можеби нема да му се допадне проектот, но на други ќе им се допадне“; дека станува збор за „стилски конфликти во доживувањето на проектот“, односно дека е во прашање различно толкување меѓу традиционалистите и модернистите... “ Проект тежок стотици милиони евра, проект кој се развива со молскавична брзина и во огромни димензии, проект со несогледливи последици за Скопје - сведен на ниво на допаѓање и недопаѓање!

Во овој проект нема стилски конфликти, нема разлики во размислувањето, има само неподосливо количество измислена историска архитектура, која не претставува ниту континуитет, ниту дисконтинуитет.

На Скопје му треба стрплива урбана стратегија, соодветен сообраќаен концепт, современ бескомпромисен дискурс, „естетика што произлегува од најсовремените технолошки системи, од ниско-енергетската архитектура, естетика од ова време на информатичко општество“ (Михаил Токарев). На Скопје му требаат урбанисти, архитекти, планери, историчари на уметност, уметници, кои ќе знаат да одговорат на мултифункционалните потреби и на трансформациите, кои му се случуваат во неговото егзистирање. На Скопје му треба културолошки, а не само багерски зафат.

На нашето општество и на Скопје, ако нешто му е потребно, тоа се вистински, граѓански промени, а не изградба на Потемкинови села, фасади зад кои треба да се скрие огромната беда на реалниот живот.

**„Глобус“, 16.03.10.**

*Дејан Буѓевац е историчар на уметност и новинар во неделникот „Глобус“*

драган поповски

3

# „па, нека се бунат...“

„Мене баш ми се свиѓа“! И, тука завршува секоја дискусија околу изгледот на новото Скопје. Па, нели, за вкусовите не се дискутира.

Многу често сме се нашле во ситуација кога покажуваме целосна немоќ да дообјасниме нешто некому, при што тој, инсистирајќи на своето суверено сопствено мислење, непоткрепено со никакви познавања за материјата за која се „дискутира“, одбива да го прифати. Како е можно да ги објасните секому „шкрабаниците и мачканиците“ на големите сликари („па, и син ми црта така“)? Уште повеќе откога се појави она детенце (како ли се викаше?) од пет-шест години со своите „дела“ што некому му личат можеби на Полок, па исфрустирани од синдромот „генијалци сме, ама нас никој не нѐ сака“, сите подготвено го промовиравме низ светот ка-

**ПРОБЛЕМОТ СЕ ЈАВУВА ТОГАШ КОГА ТОЈ „НЕКОЈ" СЕ СМЕСТИЛ ВО НЕКОЈА ОД ФОТЕЛЈИТЕ ВО ОПШТИНСКИТЕ ЛИ, ВО ГРАДСКИТЕ ЛИ, ВО РЕПУБЛИЧКОТО СОБРАНИЕ ЛИ, ПА ОТТАМУ, РЕВНОСНО ИСПОЛНУВАЈЌИ НЕЧИИ ОЧЕКУВАЊА, ЦЕЛАТА НЕГОВА ДОМАШНА ЕСТЕТСКА КАКОФОНИЈА ЈА ИСТУРА НАДВОР, НА УЛИЦА, НА ПЛОШТАД, НА КЕЈ, ВО ПАРК, ПРЕД МОЈАТА ВРАТА. И, СЕКАКО, СЕТО ТОА Е ПОТКРЕПЕНО СО ОБЈАСНУВАЊЕТО „СЕТО ОВА ГО ИМА И ВО ПАРИЗ, РИМ, ВЕНЕЦИЈА".**

ко „македонско чудо од дете“! И, уште повеќе кога неговите дела ќе бидат изложувани пред „гостите од меѓународната заедница“, кои воодушевено аплаудираат, а тие, нели, се луѓе од светот, па е јасно дека се разбираат во уметноста. Или, се сеќавате на оној несреќен наивен сликар од Охрид (како ли се викаше?), кој поттикнат од музите почна да удира по клавирот („па, сум видел, така свират и другите“) и притоа наидуваше на овации од публиката, чие разбирање во музиката веројатно не го преминува нивото на „Билјана платно белеше“. А, за естетските вредности на филмската уметност? Па, основен критериум за вредноста на филмот би бил оној што се слуша најчесто: „Одличен филм! Цела сала плачеше“!

Во целосно отсуство на естетски чувства и разбирање за она што ни се презентира, аплаудираме. За секој случај. За да не излеземе во очите на другите „прости“. Чудно, но никој не се срами ако признае дека не знае да пресмета површина на круг, а се срами да признае кога ќе го сретнете залутан во некоја галерија, дека не сфаќа ништо од она што го гледа, туку само замислено ќе кима со главата, „навлегувајќи“ притоа во идејата на авторот. Можете ли само да замислите свирежи на некој концерт, опера или балет?

„Па, тоа е невоспитано“!

Аплаузи!

И, што сакам да кажам по сето наведено? Ништо. Нека си живее секој во својот свет, нека си ужива во своите сопствени естетски вредности и критериуми, нека си слуша музика каква што сака од плочата затскриена зад обвивката на Шопен, нека си ги украсува ѕидовите со слики какви што сака („Поздрав из Врњачке бање“). А тогаш, зошто па ова мене ме засега? Не ме засега воопшто сѐ додека тоа се случува зад неговите ѕидови. Проблемот се јавува тогаш кога тој „некој“ се сместил во некоја од фотељите во општинските ли, во градските ли, во републичкото Собрание ли, па оттаму, ревносно исполнувајќи нечии очекувања, целата негова домашна естетска какофонија ја истура надвор, на улица, на плоштад, на кеј, во парк, пред мојата врата. И, секако, сето тоа е поткрепено со објаснувањето „сето ова го има и во Париз, Рим, Венеција“. И како по сѐ да му објасниш дека, на пример, гондолата е убава само кога е во каналите на Венеција, а дека на Вардар би била невиден кич! („Не е точно! И дома над телевизорот ми стои гондола и, да ти кажам, изгледа фантастично!“).

КАКО ДА СЕ ОБЈАСНИ ФАКТОТ ДЕКА СИТЕ ОНИЕ УБАВИ ФАСАДИ ШТО ГИ ГЛЕДАМЕ НИЗ СВЕТСКИТЕ МЕТРОПОЛИ ГРАДЕНИ ВО ВРЕМЕТО НА РЕНЕСАНСАТА ИЛИ ВО НЕОКЛАСИСТИЧКИ СТИЛ НЕМА ДА БИДАТ УБАВИ ВО НАШИОВ АМБИЕНТ И ВО ОВА ВРЕМЕ? БИ БИЛЕ СМЕШНИ, ИСТО ТОЛКУ СМЕШНИ КОЛКУ ШТО БИ БИЛЕ СМЕШНИ И НЕКОИ ОД ДАМИТЕ ШТО ГО ПОДДРЖУВААТ ОВА ШТО НИ СЕ СЛУЧУВА СО СКОПЈЕ, КОГА БИ СЕ ПРОШЕТАЛЕ ПОКРАЈ НИВ СО НАПУДРЕНИ ФРИЗУРИ, ОБЛЕЧЕНИ СО КРИНОЛИНИ КАКО ВО 18 ВЕК.

Како да се објасни фактот дека сите оние убави фасади што ги гледаме низ светските метрополи градени во времето на

ренесансата или во неокласистички стил нема да бидат убави во нашиов амбиент и во ова време? Би биле смешни, исто толку смешни колку што би биле смешни и некои од дамите што го поддржуваат ова што ни се случува со Скопје, кога би се прошетале покрај нив со напудрени фризури, облечени со кринолини како во осумнаесеттиот век. (Очекувам авторот на проектот на концертната сала на Филхармонијата да се повлече за да не биде ставан во исто „друштво“ со сиот друг понуден кич).

А, што се однесува до спомениците и скулптурите, целосно сум збунет. Веќе и делата на оној наш академик-скулптор ќе почнат да ми се допаѓаат, кога ќе ги споредам со оние што ги чекаме.

„Прашање на вкус. Мене баш ми се свиѓаат!... Некои се бунат? Па, нека се бунат... Ова е демократија, зар не?“

**„Утрински весник“, 09.02.10.**

*Драган Поповски е постојан карикатурист во „Утрински весник“*

влатко п. коробар

3

# ЕКСПО 2014

Не знам со сигурност зошто го пишувам овој текст. Ми се чини сосем непотребен. Оние кои гледаат немаат потреба од него. Уште помалку им е потребен на оние кои не сакаат да видат, зашто тие ниту сакаат да видат, ниту да слушнат, а уште помалку да прочитаат.

Веројатно го пишувам заради самиот себе. Во тој себичен гест можеби сепак некој од читателите ќе пронајде аргумент повеќе за да го поткрепи сопственото гледање. Не да го промени. Кај нас гледиштата примарно се темелат на априорни ставови кои по правило се градат на (пред)убедувања, а помалку на аргументи.

Изминативе недели сведоци сме на исклучително широка расправа за изгледот на главниот град по четири години, или

> **ТОКМУ ТРИУМФАЛНАТА ПОРТА Е ЕПИТОМИЗАЦИЈА НА ЦЕЛИОТ ПРОЕКТ!**

поточно на крајот на следниот изборен мандат. Одамна немало тема која поттикнала толку многу реакции. Тој интерес би требало да биде разбирлив зашто се работи за слики од нашето идно секојдневие и за простори кои нема да можеме да ги одбегнеме.

Не дека и порано немало причина за вака жестока расправа за патеката по која се има запатено архитектурата кај нас и особено архитектурата која го има печатот на „званична“ архитектура, но досега никогаш не постоела алатка која на сите со подеднаква сигурност би им го овозможила правото да се чувствуваат безбедно, и премостувајќи ја стручната езотерија, да се изјаснат за идниот изглед на центарот на градот. Овој пат таа алатка е тука - дигиталната слика која поттикнува, провоцира, создава сигурност дека компјутеризираната визелна поткрепа е доволна за компетентно просудување.

И разбирливо добивме исклучително широка бројка на повикани, заинтересирани, испровоцирани, поттикнати и други кои ги изнесоа своите ставови во печатените и во електронските медиуми, во кибер-просторот на социјална комуникација, на панелите на стари и нови невладини организации.

Со право може да се тврди дека за ниту еден проект досега не е водена вака широка расправа со толку многу учесници. И нема ништо пологично од тоа за еден ваков зафат да се водат широки, остри и прегреани расправи. Централно градските простори никого не оставаат рамнодушен. Тие се олицетворение на градот, а кога градот е главен, тие се олицетворение на државата.

Она што ја турка оваа расправа на работ на гротескното е инсценирањето на демократска расправа за идниот изглед на центарот на градот. Расправите треба да се водат пред, а не

**СВЕТСКИТЕ ИЗЛОЖБИ ПОЗНАТИ ПОД ИМЕТО ЕКСПО, ВО АРХИТЕКТОНСКИТЕ КРУГОВИ СЕ ПОЗНАТИ КАКО АРХИТЕКТОНСКИ ЗООЛОШКИ ГРАДИНИ. ТАА СПОРЕДБА ВО ЦЕЛОСТ МУ ОДГОВАРА НА НАШИОВ ПРОЕКТ.**

потоа. Денес се разговара за проект од чија слика три четвртини се веќе запечатени: заради објектите што се скоро изградени, заради објектите што се градат, заради објектите кои се непосредно пред изградба, заради споменицините кои се излиени, но чекаат погоден момент да бидат обнародени, заради споменицините кои се леат, заради споменицините кои се подготвени за леење, заради централниот градски плоштад низ кој едвај може да се помине.

Начинот на кој се води целата расправа е во спротивност на она што е потребно. Секој изнесен став се политизира, а секој актер во расправата се контејнизира што неминовно доведува до релативизирање на стручните ставови.

Не ги знаеме или барем не ги видовме ниту авторите на овој план кои ќе ги образложат и одбранат урбанистичките аспекти на предложеното решение, а не модните преференции на власта во архитектурата. Видовме само скулптори кои зборуваат за сопствените скулптури и архитекти кои зборуваат за одделни објекти или, поретко, архитекти кои ја бранат целата концепција, но притоа, за да го сочуваат сопствениот професионален дигнитет, не се согласуваат со делови од предлогот, а особено со триумфалната порта. Па токму триумфалната порта е епитомизација на целиот проект! Таа е врвот на ледениот брег што го оформуваат сите други објекти. Таа е вистинскиот одраз на духот на времето, на моќта на една политичка структура горопадно да ја наметне сопствената визија за белезите на нашето време, колку годе тие да се произволни, бесмислени и смешни.

Во својата бележита книга „Архитектурата, моќта и националниот идентитет“ авторот Lawrence J. Vale наведува три на-

**НЕКОЈ ИДЕН АНАЛИТИЧАР ПО СЛИКАТА ОД 2014 ЌЕ МОЖЕ ДА ЗАКЛУЧИ ДЕКА СМЕ ЖИВЕЕЛЕ ВО ВРЕМЕ ЗАГЛЕДАНО ВО МИНАТОТО, СО МАЛКУ ЧУВСТВО ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА ПРОСТОРОТ, СО УШТЕ ПОМАЛКУ ЧУВСТВО ЗА ТОЛЕРАНЦИЈА.**

чина на кои архитектите одговараат на предизвикот на проектирање на државни објекти во кои инхерентно е опфатен аспектот на политичко претставување. Проектот за 2014 влегува во вториот можен пристап кога архитектите „наглавачки“, со употреба на иконографски пастиш, ги третираат објектите како визуелизиран микрокосмос на нацијата на која ѝ припаѓаат, најчесто користејќи некоја од традиционалните иконографии. За жал, овој пристап пред сè е обележје на времиња и простори на кои не им припаѓаме или, барем декларативно, не сакаме да им припаѓаме.

А, не е дека немавме примери од кои можевме да поднаучиме. Оној што ја здогледа куполата на германскиот Бундестаг, сигурно не знае дека непосредно пред унификацијата СРГ изгради нов, современ објект на Бундестагот во Бон. Стакленета купола на Бундестагот е историски втемелена, а не е произволна и предимензионирана како нашата. Кога во 1999 година Шкотска го доби својот парламент, изгради нов објект што го проектира еден каталонски архитект. Не ја пре-пишуваа сопствената историја. Сакаа да испишат нова страница.

За да се препознае полесно, проектот за 2014 може слободно да се преименува од Скопје 2014 во ЕКСПО 2014. Светските изложби познати под името Експо, во архитектонските кругови се познати како архитектонски зоолошки градини. Таа компарација во целост му одговара на нашиов проект: многу различни објекти (видови), изградени (собрани) во релативно краток период, поставени (притеснети) едни покрај други, без својот вистински контекст, создаваат една артифициелна состојба која треба да го симулира она што го нема.

За жал, сликата од 2014 е вистински одраз на времето по која некои идни генерации ќе судат за нас. Не сме ни свесни колку архитектонските објекти и случувања можат јасно да говорат за времето и неговата политичка и општествена клима. Еден бугарски аналитичар кога ни по третиот обид не успеаја да го срушат мавзолејот на Г. Димитров напиша дека тој е вистинска слика на тогашна Бугарија - дополу разрушена и малку навалена кон лево. Самиот настан и случувањата на 9/11 се уште една потврда за тоа дека архитектонските градби содржат невиден потенцијал да изразат различна симболика кога стојат, кога се рушат и кога ги нема. Некој иден аналитичар по сликата од 2014 ќе може да заклучи дека сме живееле во време загледано во минатото, со малку чувство за значењето на просторот, со уште помалку чувство за толеранција и за мерката до која нашите зафати смеат да го узурпираат просторот на идните генерации.

Една од повиканите упати алиби покана да се даваат сугестии и предлози кои би можеле да се вградат во проектот 2014, како да не станува збор за веќе „затворен“ проект. Во исто време е распишан конкурс за катна гаража во центарот која, покрај прецизно дефинираните технички решенија за механичко гражирање на возилата, треба да биде облечена во некој од омилените нео-модни стилови на власта. И иди сега предложи подобрување... Добро е што некој ја спомна 2018, односно вториот иден четиригодишен мандат, како поместување на временската рамка за реализација на проектот. Така сè ќе остане во малиот ринг, инаку на ред е големиот ринг.

**„Окно“, 19.03.10.**

*Влатко П. Коробар е професор на скопскиот Архитектонски факултет*

радмила шеќеринска

5

# леголенд

Повелете во Леголенд! Зошто да се мачите и да патувате во далечните Јапонија и САД? Зошто да трошите пари за многу авионски карти или за илјадници литри бензин за да ги прошетате Германија, Норвешка, Холандија, Шведска и Данска? Зошто да го „шпартате“ континентот цело лето, кога за едно попладне може да кажете дека сте шетан човек, кој ги видел сите епохи и стилови. И сето тоа за цена од само една влезница за вас и за вашето семејство. Име ли нешто подобро од ова?

Има, има. Бидете трпеливи и за некоја година ќе може да го добиете истото доживување - и тоа без влезница. Во Данска можевте да го видите резултатот на 20 милиони лего-коцки, овде во „Скопје 2014“ ќе го видите резултатот на 200 милиони евра. Таму цел свет во мало, овде цела историја во минијатура. Таму за деца, овде за (или против) сите генерации. Таму за забава, овде за математика.

За да биде ефектот поголем, до дестинацијата ќе треба да допатувате со најскапи авиокарти до најлошиот европски аеродром. Потоа ќе минете со автомобил низ околните општини, во кои нема водовод ни канализација. Ако пристигате ноќе, не очекувајте функционално градско осветление ниту модерни сообраќајници. Тоа го има во секој град, па не ни беше предизвик да го направиме. Ќе видите и трошни куќи со чешми во двор, а ако е врнежливо, автомобилот ќе треба да ви ги „преплива" поплавите од штотуку реновираната атмосферска канализација. Градскиот превоз користете го на сопствен ризик, а ако сте со автомобил, вежбајте рели-возење за да се справите со кратерите по улиците, метежот и со нервозата на колегите.

Сето тоа ќе го заборавите за еден миг, кога ќе стигнете пред главната атракција - македонскиот Леголенд! На лева

страна Собрание со моќни куполи, на десна парк со безжичен интернет. Налево барок, надесно антика. Налево статуи, надесно уште статуи. Па ќе поминете низ триумфалната капија, а потоа низ тунелот примамливи миризби од „Кај чичко Стоилко". Пред јадење - се знае каков е редот. Затоа, веднаш до црквата, која ќе доминира меѓу двете сокачиња што ќе ја двојат од Фуфо и од Нама (поранешна Стоковна, сегашна Сити галери, а тогаш ЈВЦ Билборд галери). Кога ќе излезете пред црквата видикот не се опишува: нема стил и нема епоха што нема да бидат претставени. Со еден мал круг ќе ги поминете сите историски и стилски курсеви. Статуите ќе бидат по правична етничка застапеност, а восочните фигури по партиски заслуги и согласно последната, „официјална" верзија на историјата. Ако го подигнете погледот, Александар ќе ве спречи во намерата да го видите часовникот на Старата железничка. Тој можеби ќе биде „рестартиран" и ќе „пее народно", но нема да ви помогне околу дилемата дали е 49-та, 84-та или 2014 г.?

Оваа можна идна реклама за „Македонија вечна", се разбира, е шега на своја сметка. Кисело се смешкам затоа што работите се многу сериозни и, за жал, веќе забегани до точка од која нема враќање. Еве барем три причини за тоа.

Прво, „Скопје 2014" ќе остане само предизборен спот на власта. Како и ветувањата за подобра економија, нови работни

**И УШТЕ НЕШТО ЌЕ СЕ СЛУЧИ ДО 2014 - ОГРОМНИ СУМИ ЌЕ ИСЧЕЗНАТ И НЕМА ДА ИМ СЕ НАЈДЕ НИ ТРАГ НИ ГЛАС.**

места, бесплатно здравство... ќе остане само на хартија и на видеоклиповите. Дали нешто ќе се случи до 2014? Да. Неколку работи: ќе се „исперат“ милиони евра за статуи во кои војводите јаваат на коњи помали од нив самите, ќе се изгради „постар и поубав“ стар театар со сомнителна акустика, ќе се поделат улогите на „жртви“ и „убијци“ на стотина фигури; ќе се ископаат дупките на десетина места и години со ред центарот на Скопје ќе личи на градилиште. И тоа градилиште со огради, ама без работници. Како стотината камел-темелници што ги наследивме од минатите кампањи. Фасадите ќе се премачкуваат (како и нашите очи), ама нема ни да наликуваат на оние од филмот, бидејќи тоа не се реновирани фасади, тоа се сосема нови згради и облици. И уште нешто ќе се случи до 2014 - огромни суми ќе исчезнат и нема да им се најде ни траг ни глас.

Второ, ова не е урбанистички, ниту уметнички проект. Ова е проект инспириран исклучиво од политиката и од бизнис-интересите. Какофонијата од стилови е само резултат на трката по пари во главите на нејзините креатори: брзо-брзо им требал филм кој ќе оправда многу милиони, па зошто да размислуваат за свои креации кога може да го применат спасоносниот рецепт „copy paste“. Малку антика, малку Рим, детали од Париз, зрнце шмек од Виена и ете ти готова тезга. Затоа, тажно изгледаат прес-конференциите на ангажираните измеќари што треба да ги заработат своите хонорари. Кажано им е дека се платени, не за да креираат, не за да творат, туку да бранат или да плукаат, по потреба и по наредба. Затоа, и нам, на гледачите, ни е незгодно кога (од немај каде) ќе мора да се „вадат“ на Мерил Стрип, кога „уметникот“ се обраќа со „срцка“ или кога ќе дознаеме дека барокот потекнува од Македонија. Незгодно ни станува (а богами мене и страв ми станува) кога ќе го чуеме психологот (кој велат ДПМНЕ го спрема за министер) кој вели дека со новиот Центар власта сака да изгради „чиста нација“!!! И како такво, тој тоа го поддржува! Затоа асоцијациите со Шпер, со „највисоките јарболи“, со

**МОРА ДА ИЗМЕШААТ И ПОЛИТИКА И КОМУНИЗАМ И НЕПРИЈАТЕЛСКИ СТРУКТУРИ И ТЕОРИИ НА ЗАГОВОР... СÈ САМО ДА СЕ СОКРИЕ ГОЛОТИЈАТА НА СОПСТВЕНИОТ ИНТЕРЕС И ЦЕНА (МАЛА ИЛИ ГОЛЕМА, СЕЕДНО).**

„најголемите знамиња“, со воинствената реторика и кампањските каузи се толку живи. Дури и ангажираните „експерти“ ги препознаваат и инстинктивно ги издаваат своите налогодавачи. Но, најнезгодно ми станува кога и ресорниот министер и нејзините „бранители на ликот и делото“ мора да бидат невоспитани и некултурни за да ги оправдаат синекурите од буџетот за култура. Па, мора да измешаат и политика и комунизам и непријателски структури и теории на заговор... сè само да се сокрие голотијата на сопствениот интерес и цена (мала или голема, сеедно).

И трето, целиот проект е само „димна завеса“ и замка на власта, во која и јас денеска со овој текст влегувам, иако при чиста свест и под полна одговорност. Имено, власта сфати дека веќе не може со темата „име“ да ги сокрие политичките порази и крахот на својата економска политика. Се обиде со етнички прашања да ги „надвика“ критиките за корупција, криминал и непотизам. Кога и странските медиуми излегоа со докази за корупција на врвот на власта - тогаш Груевски (или Протоѓер, сеедно) излегоа со новата бајка наречена „Скопје 2014“. Со еден видеоклип да ги потиснат видеосториите за гладни семејства, излажани пазарџии, заборавени сведмилковци, спектакуларни кражби и набавки што „врват“.

„Скопје 2014“ е само фрлена коска за забавување на публиката, која треба да „влета“ во наддавање - дали 5 или 15 лава, дали со или без постаменти, дали Филип или Александар, дали само една или „триумфални порти во секој град“?

Скопје во 2014 нема да биде Леголенд, ама се плашам дека ќе ни заличи на Неверленд. Со таа разлика што нашиот Петар Пан воопшто нема наивен мотив.

**„Дневник“, 12.02.10.**

*Радмила Шеќеринска е политичарка, некогашна претседателка на СДСМ*

Сања Раѓеновиќ-Јовановиќ

6

# Да го скршиме сопственото огледало

Неизбежна појава на нашето време секако дека е кичот, во доцниот капитализам и транзицијата незаменлива, па така општеството на конзсумеризмот едноставно се дави во кич. Во таквата реалност, архитектурата, една од убавиците на уметноста, и нејзината историја не се исклучок.

Доколку сакаме да се осврнеме на некои синоними за кич низ историјата, тоа секако е еден од правците во уметноста, филозофијата, архитектурата - еклектицизам. Тој настанал со собирање различни влијанија и несистематично аплицирање на несоодветни комбинации.

СТАНУВАМЕ ПАЛАНКА КАДЕ ШТО СЕКОЈ МОЖЕ ДА ГО ДОКАЖЕ СВОЕТО ЛОШО ВОСПИТУВАЊЕ, ЉУБОВТА КОН КИЧОТ, НИСКАТА СТРАСТ, НАСИЛНИШТВОТО, НЕМАЊЕТО ЧУВСТВО ЗА ЗАЕДНИШТВО, ЈАВЕН ИНТЕРЕС, ОБВРСКИ И ПРАВА КОИ ОД ТОА ПРОИЗЛЕГУВААТ И БЕЗ КОИ ГРАДОТ ГО НЕМА.

Виторио Греготи, архитект и познат теоретичар, дал одлична дефиниција за условите во кои кичот може да живее. „На кичот му е потребна посебна домашна приватна димензија, во која предметите, сами по себе, немаат специфични обележја, живеат во атмосфера на просечни и хировити комбинации“. На тој начин настануваат нови симболи и вредности, спротивни на старото сфаќање за уживањето во уметноста, од кои израснува кич-човек.

Скопје во моментов се гради и тоа е една деликатна, убава и предизвикувачка задача, барање и воспоставување прифатлива рамнотежа меѓу вредните традиционални траги и современите, нужни и храбри визии. Но, задачата е погрешно зададена и неуспешно се спроведува. Градот трпи неконтролирани затрупувања со агресивен, безизразен, тешко вклоплив кич. Обидот по секоја цена за самонаречена грандиозност и монументалност на архитектурата, а и скулптурата, не е одраз на естетско-филозофска студија. Тука има вткаено дневна политика за локална употреба, неизживеани и злоупотребени национални наметнувања од различни пориви, присвојување на туѓи вредности. Стануваме паланка каде што секој може да го докаже своето лошо воспитување, љубовта кон кичот, ниската страст, насилништвото, немањето чувство за заедништво, јавен интерес, обврски и права кои од тоа произлегуваат и без кои градот го нема.

Новокомпониранаta поетика на просторот е спрега на политички моќници, градежно лоби, самонаречени чувари на идентитетот, историчари што сметаат дека светот почнал да се врти поради нас, инвеститори со пари од сомнително потекло. Кич има премногу, а за тоа, пред сè, треба да му се заблагодари на необразованието. Во градежништво најмногу вложуваат оние што имаат пари или оние што располагаат

**АРХИТЕКТУРАТА СЕ НАЈДЕ ВО ВИР НА ПРОВИНЦИСКА ИМПЕРИЈАЛНА ОПСЕСИЈА.**

со народни пари, а се знае денес кој го има тоа, па нужно следува сомнителен квалитет. Се наметнува горчлив вкус дека некој сака да нè доведе во ситуација да си помислиме дека она што се создава е толку значајно, дека присуствуваме на значаен момент во создавањето на историјата на уметноста. Што би рекол Душко Радовиќ: „Кој имал среќа утрово да се разбуди во Скопје може да смета дека за денес доволно постигнал во животот. Секое инсистирање на уште нешто би било нескромно...“

Уметноста отсекогаш негувала убавина и благородност, а каква е денес убавината на новокомпонираните објекти, на лошите визуализации, на најпопуларните еклектички мотиви - скулптури што се лоши реплики на разни епохи, лавови како од кинески супермаркети, коњи што личат на магариња, архитектонски конкурси со незрели подготовки и препораки за еклектично архитектонско обликување, со сомнителни резултати, со добитници на конкурси на објекти решени со сликички на 3Д-анимации, без да се одговори на функцијата, за потоа некои други архитекти да ги доработуваат проектите, за на крај објектот да не е оној што бил претставен и избран, со комисии составени од неафирмирани претставници на струката... Архитектурата се најде во вир на провинциска империјална опсесија. Струката, за жал, опасно спие барајќи оправдување во општата летаргија на пониженият.

Сè додека се појавуваат архитекти што си ги реализираат своите ниски страсти и лични интереси или архитекти само со симболична улога и сè додека не се појави градски архитект, афирмиран, реномиран, образован и веќе реализиран, како важен политички и финансиски советник, нема да може да уживаме во благодетот на правилно оформен и дефиниран градски лик. Зборот архитект на светските јазици има само едно, универзално, разбирливо и сериозно значење на широка и слободна филозофско-естетска порака. Архитект

е оној што во формирањето на градскиот лик е генерал, а сите други се војници.

**КАЈ НАС ПОСТОИ СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА СИТЕ МОЖНИ ЗАГУБИ, А ПРИВАТИЗАЦИЈА НА СИТЕ ВИДОВИ ПРОФИТИ. ЌЕ ДОЈДЕ ЛИ МОМЕНТ КОГА ИЗГУБЕНИОТ ЛИК НА ГРАДОТ ЌЕ БИДЕ ПРОБЛЕМ НА ИДНИТЕ ГЕНЕРАЦИИ?**

Печатот на архитектурата е највидлив, а нејзините симболи се оставнина за препознавање и нејзина идна археологија. Личните интереси, незадржливата потреба да се остави печат по секоја цена, да се наметне и да се создаде идентитет, да се наметне примитивен критериум, внесува хаос што се расплинува, останува и по него нема враќање назад. Архитектурата е прва на удар и е огледало на моќниците и на општествениот момент, на нивното чувство за естетика и на нивото на образование. Дали потоа ќе треба да уриваме? Зошто би го кршеле сопственото огледало? Кај нас постои социјализација на сите можни загуби, а приватизација на сите видови профити. Ќе дојде ли момент кога изгубениот лик на градот ќе биде проблем на идните генерации?

Веројатно нема поголем страв од оној кога човек ќе почувствува дека ќе биде заборавен. Тој страв од заборав натерал многу моќни луѓе во светот да ангажираат големи уметници, па така Медичи и многу папи ги најмувале Микеланџело, Леонардо да Винчи и други за да останат запишани во нивните дела и така да го препловат морето на заборавот. Но, тие моќници знаеле да ја препознаат вистинската уметност. Нашите моќници сакаат да бидат Микеланџело и Леонардо, а на комплексираните архитекти (шутови на селскиот двор) им ја препуштаат улогата на папите-извршители. Кичот плови по морето на лажниот идентитет, а современоста и светот ни се смеат и не жалат.

**„Утрински весник“, 10.02.10.**

*Сања Раѓеновиќ-Јовановиќ е архитект и работи во архитектонското „Студио Р“.*

мерсел биљали

7

# неронизам

Нерон имал страсна желба да го запали Рим. Целта му била да го изгори градот на светската цивилизација за да изгради нов според неговиот ум, за да остави свој белег во историјата на Вечниот град. Тоа изгледа е патолошки проблем кај многубројни квазиводачи, што впрочем произлегува од нивната потреба за лекување лични фрустрации, а тие се потврда дека светлосни години се далеку од поимот - водач.

Премиерот никако да отстапи од изградбата на антиката и средновековието на плоштадот. Не се знае дали тој со тоа лекува нешто или, пак, сака да воведе робовладателство во државата, заедно со феудализмот кој веќе со години функционира во Кратово. Или, пак, едноставно сака изградба на сопствена фараонска пирамида, а робови за тоа има доволно. Фараон без пирамида не бива. Познато е дека за изградбата на пирамидите страдале многу робови, а ние имаме два

милиона робови. Тие мора сè да прават за доброто на својот „бог“. Не е добро Тутанкамон да има пирамида, а Никола не. И така, што и да прави во државата, завршува пирамидално - пирамидален буџет; пирамидално задолжување; пирамидални проекти; пирамидална трговска размена; пирамидално земјоделство; пирамидално млекарство; пирамидална администрација; пирамидално високо образование; пирамидален плоштад. Па човекот заслужил една пирамида.

Но, шегата настрана. Груевски со години кормилото на државата го ориентира кон опасна санта мраз, воден од заблудата дека бродот е потврд од мразот, како што е главата потврда од ѕидот. Неговото владеење се заснова врз бескрупулозност во уништувањето на тоа што е рационално кај луѓето, нациите и културите. Тој сè прави за луѓето да не изгледаат нормални. Црното да им се причинува бело, малото - големо, лошото - добро, неморалното - морално. Логиката е веројатно во потребата за замаглување на општиот ум поради катастрофално лошите резултати во сите домени, или пак сето ова има за цел да го скрие криминалот.

Ова невидена гебелсовска манипулација се прави во своевидно Потемкиново село без кучиња. Опозицијата е тотално анемична, а партиите на Албанците се жива катастрофа. Не сметале за целисходно да организираат ни обичен демократски протест, барем против поделбата, разгорувањето на омразата и дискриминацијата во државата. Власта цело време луѓето ги храни со реклами и компјутерски анимации, а никако некој да стави брана на таквиот владин садизам. Никој да не се спротивстави на тешката навреда на обичните граѓани, третирајќи ја нивната интелигенцијата рамно на онаа кај кокошката. Функционира само власт која е рамна на подвижна несреќа. Таа нè подучува да се насмевнеме и кога ни се плаче; ни кажува да бидеме силни кога стомакот ни е празен; ни покажува напред, а нè вози назад; ни кажу-

**НЕГОВОТО ВЛАДЕЕЊЕ СЕ ЗАСНОВА ВРЗ БЕСКРУПУЛОЗНОСТ ВО УНИШТУВАЊЕТО НА ТОА ШТО Е РАЦИОНАЛНО КАЈ ЛУЃЕТО, НАЦИИТЕ И КУЛТУРИТЕ.**

ва дека сме на небото додека тонеме; нè подучува да бидеме совесни кога ни го гази достоинството; да учиме кога знаењето е нула; да веруваме во себе кога сите нè лажат; нè убедува дека мртвите споменици се поважни од живите луѓе; ни кажува да тргнеме кон иднината со возот на минатото...

На осиромашените луѓе им се сервира митологијата за да им се ублажи гладот. Тоа е можно единствено ако ви успее лагите да ги воздигнете на ниво на јавно општо добро. Тоа го прават луѓе со празни глави и со полни стомаци. На колку родители им е вишок животот оти не можат да обезбедат пари за да ги спасат своите деца. Само со парите за споменици би спасиле стотици детски животи. Тие што имаа микрон верба во Бога тоа многу добро го знаат. Има ли нешто Божјо кај власта, кај религиите, кај квазинаучниците, кај квазиграѓанскиот сектор. Освен ако парата не им е замена за Севишниот. Со парите предвидени за архитектонски кич би се кредитирале многу компании и би се вработиле илјадници луѓе. Би се спасиле илјадници семејства од пеколните трауми предизвикани од голата сиромаштија. А парите, пак, би се враќале. Замислете го домаќинот на кој му гладуваат членовите на семејството, а тој позајмува пари за да купи скапоцен часовник за да се пофали. Тоа е логиката на нашето владеење.

Луѓето бараат конкретни дела, а не тензии, поделби, закани и омраза, со цел за да се маскира бескрупулозното владеење и сомнителното трошење на народните пари. Поделби во секој домен. Дури и земјоделците, наместо да ја копаат нивата, си ги копаат очите. Оттука, нелогично е да се бара решение од тој што ги предизвикува проблемите. За жал, премиерот самиот е дел од проблемот, а не дел од решението. Тој цело

време се служи со сатанизација - идеологија што секогаш носи до ѓаволот. Познато е дека тој што ќе фати оро со ѓаволот, последно може да му биде. Но, луѓето од власта живеат надвор од реалноста. Тие се опкружени со кукавици, лажговци и ласкавци кои им даваат многу поубава претстава отколку што е вистината. Тој никако да сфати дека не се води држава со логиката на маркетиншки агенции на кои единствената цел им е профитот. За пари тие ве качуваат високо на небо и не им е грижа што ќе се случи кога ќе ве пуштат оттаму. Значи, држава се води со логиката на таквите странски агенции кои го проучиле нашиот ментален код третирајќи нè како да сме животни. Заработуваат куп пари од нашата наивност, примитивизам и идиотизам, свесни дека сме талентирани до го третираме штетното, а да го игнорораме корисното. Само нам може да ни се случи, една обичната компјутерска анимација, клептомани да ни ја продадат како конкретно остварување!

**ЗАРАБОТУВААТ КУП ПАРИ ОД НАШАТА НАИВНОСТ, ПРИМИТИВИЗАМ И ИДИОТИЗАМ, СВЕСНИ ДЕКА СМЕ ТАЛЕНТИРАНИ ДО ГО ТРЕТИРАМЕ ШТЕТНОТО, А ДА ГО ИГНОРОРАМЕ КОРИСНОТО. САМО НАМ МОЖЕ ДА НИ СЕ СЛУЧИ, ЕДНА ОБИЧНАТА КОМПЈУТЕРСКА АНИМАЦИЈА, КЛЕПТОМАНИ ДА НИ ЈА ПРОДАДАТ КАКО КОНКРЕТНО ОСТВАРУВАЊЕ!**

Опасно е да се игра на картата на популизмот. Тој е како опасен гладен џин - колку повеќе го храните, толку е тој сè погладен, за на крајот да го изеде и својот газда. Кога популизмот доволно ќе зајакне, многу е тешко да се изнајде сила што ќе го одврати од потрагата по нови и свежи извори за сеење и регенерирање омраза, недоверба, поделби и конфликти. Популизмот е перманентно во потрага по севозможни дефекти, користејќи идиотизирани форми на политикантство во име на високи идеали и јавна хигиена. На власта што се нафа-

ќа на популизмот не ѝ требаат противници. Таа си е доволно противник сама на себе. Но цехот го плаќаат сите.

Кога сме кај градбите, не е лошо да размислиме за градење наш автохтон Ѕид на плачот. За секој случај, може да има големо историски значење. Може да им служи на идните поколенија за плачење над колективната несреќа на нивните предци во едно несреќно време на владеење на фараони, кои создадоа робови што талкале по заблудите 40 години.

**„Дневник“, 13.02.10.**

*Мерсел Биљали е предавач на ФОН универзитетот и редовен колумнист на „Дневник“*

жарко трајаноски

8

# Антикоманија на паланката

Решиле неколку наши градоначалници да прошетаат до Истанбул. По вечерата, откако убаво се најале и напиле, еден од нив предложил солидарно да ја поделат сметката. Но, единствената градоначалничка се побунила: „Не е фер, јас сум на диета, постам и нарачав само салата и лимонада, а некои нарачуваа виски, печења и разни други ‘соленѝ специјалитети“. Нашите мажишта сакале да се покажат како вистински џентлмени, па побарале засебна сметка. Му објаснувале на келнерот на англиски, француски, италијански, германски, бугарски, на албански (ем биле учени ем шетани луѓе), ама келнерот никако да ги разбере. Најпосле, откако почнале со гестикулации и му нацртале на салфетка, на келнерот му светнало: „Аааа... башка есап!“ И, така си добиле башка есап.

**КАКО ГРАЃАНИ, ИМАМЕ ПРАВО ДА ГИ МОНИТОРИРАМЕ СИТЕ ПРОЕКТИ НА ВЛАСТА. ИМАМЕ ПРАВО НА ДЕТАЉНА СМЕТКА ЗА СЕКОЈ ПРЕДВИДЕН И ПОТРОШЕН БУЏЕТСКИ ДЕНАР.**

На оваа анегдота ми текна пред некој ден, читајќи ги полемиките околу „проектот" наречен „Скопје 2014". Ќе се сети ли некој наш градоначалник (оти градоначалнички веќе немаме) или некој „народен" пратеник да побара „башка есап" за сите буџетски ставки и за основните елементи на „проектот" „Општина Центар 2014"? Кој е носител на „проектот", а кои се партнерите? Која е целта на „проектот", а која е целната група? Кои се изведувачите и колку ќе чини изведбата на секој елемент од „проектот"? Може ли без детаљни одговори на овие прашања да зборуваме за некаков „проект Скопје 2014"? Или допрва треба да ги учиме нашиве „преродбеници" што значи зборот „проект"?

Како граѓани, имаме право да ги мониторираме сите проекти на власта. Имаме право на детаљна сметка за секој предвиден и потрошен буџетски денар. Имаме право на башка есап, затоа што во паланечката кафеана „Скопје 2014" изгледа веќе не се знае ни кој пие ни кој плаќа. „Визионерите" испомешале и баби и жаби, и државни и приватни објекти, и споменици и статуи, и цркви и хотели, и водоскоци и „гомноскоци". Имаме право да знаеме колку ќе чини секоја виртуелна инсталација од 3Д-анимацијата - вклучително и тоа колку чини анимацијата, заедно со нејзиното емитување во ударните термини. Исто како што знаеме колку ќе чини жичарницата до крстот на Водно, сакаме да знаеме колку ќе чини и секоја зграда, секој споменик, секој конкурс, секој земен авторски хонорар. На пример, во колку комисии за споменици учествува Паско Кузман и дали е вистина, како што објавија некои медиуми, дека стотици илјади евра се поделени само за хонорари на членовите на комисиите? Без башка есап, без детален буџет, одговорот дека „Скопје 2014" ќе чини „околу 0,5 до 1 отсто од буџетот, во зависност од буџетската го-

**ТРАМВАЈОТ ЌЕ ОСТАНЕ ПУСТА ЖЕЛБА ЗА ГРАЃАНИТЕ ШТО СКОПЈЕ ГО ГЛЕДААТ КАКО ЕВРОПСКА МЕТРОПОЛА.**

дина, заклучно со 2014 година“ е бескрупулозно манипулирање на јавноста.

Се согласувам со Елизабета Шелева дека сега Скопје личи на паланка - на „чардак ни на небо ни на земја, ни село ни град“ (што би рекол Константиновиќ). Не личи на Крива Паланка, туку на права паланка. Но, дали „проектот Скопје 2014“ ќе го „прероди“ нашиот главен град од балканска паланка во современа европска метропола? Или, поскоро, самата 3Д-визуелизација е израз токму на некрофилскиот паланечки дух на едно „племе во агонија“, маѓепсано од визиите на „пастирот“. Не е ли „Скопје 2014“ одраз на нашата самозатвореност, на стравот од соочување со другиот, на скаменетата национална култура, на нашите нови државотворни митови, на племенскиот колективистички менталитет кој, според авторот на „Филозофијата на паланката“, е хронично „заразен“ од (квази)историзирање? Накусо, т.н. „проект Скопје 2014“ нема да го преобрази нашиот главен град во идна европска метропола, туку во антикоманска паланечка некропола.

Можете ли да си замислите европска метропола без метро, трамвај или барем тролејбус? Софија и Букурешт си имаат метро, Белград гради лесно метро, Сараево и Загреб си имаат трамвај, а Скопје останува во друштво со Подгорица, Тирана и со Приштина - единствени европски главни градови што немаат трамвај! Додека балканските градови градат супербрзи пруги кон ЕУ-метрополите, „Македонска железница“ рѓосува. Еве, ќе поминат четири години, а модерниот воз од веб-страницата на ВМРО-ДПМНЕ никако да пристигне на заборавената скопска железничка станица, проектирана од славниот Кензо Танге. Ако сакаше власта Скопје навистина да заличи на европска метропола, тогаш во визијата за Скопје ќе предвидеше не само трамвајска линија, туку и супербрзи возови.

Но, што ќе ѝ се на една балканска теснограда паланка модерна железница и трамвај? Трамвајот ќе остане пуста желба за граѓаните што Скопје го гледаат како европска метропола. Наместо за трамвај и за модерна железница, парите се изарчија на мегаломански споменици, за некрофилски музеи, за восочни фигури, за археолошки ископувања, за билдање на партискиот рејтинг преку пропагандни кампањи со кои се корумпираат медиумски тајкуни и експерти по „нарачано новинарство“. Затоа не треба никогаш да престанеме да бараме башка есап - детаљна фискална сметка за тоа колку буџетски пари изел секој споменик, секој некрофилски музеј, секоја восочна фигура, секое археолошко ископување, секој пропаднат тендер, секое државно огласување во функција на мобилизирање на паланечкиот сеир.

По падот на социјалистичкиот режим и идеологијата на комунизмот во 1989, поголем дел од социореалистичките споменици и статуи беа дислоцирани во „Паркот на статуите“ во Будимпешта, кој се претвори во туристичка атракција. Каде ли ќе ги сместиме античките споменици и паланечките статуи по падот на диктаторскиот „преродбенички“ режим и милитантната идеологија на александризмот? Мојот предлог е - на нашиве божемни патриоти и паланечки „коњољупци“ да им изградиме античкомакедонски плоштад на хиподром. Музејот на жртвите на комунизмот да биде и музеј на жртвите на ВМРО. Меѓу „Музеите на македонските илузии“ и „Плоштад на коњољупците“ да сообраќа редовна трамвајска линија.

**„Дневник“, 17.02.10.**

*Жарко Трајаноски е експерт за човекови права, колумнист и активист во граѓанскиот сектор*

9

# ПРОТИВ ЅИДОТ НА КИЧОТ

**Увод: За „Скопје 2014“**

Откако ја погледнавме скапата визуелизација за тоа како треба да изгледа Скопје во 2014, ставот на Прва Архи Бригада останува непроменет. Ние и понатаму сметаме дека проектот на Владата претставува целосно и погрешно разоблучување на градот и од аспект на урбанизам и од аспект на архитектура, а секако и од аспект на инфраструктура која е целосно запоставена во проектот, а всушност е главен проблем на градот.

Во оваа прилика сакаме да истакнеме дека не е точно тоа што го изјави Министерката за култура, којашто одговорноста за ваквата историска грешка сака да им ја препише целосно на

**ПРОЕКТОТ НА ВЛАДАТА ПРЕТСТАВУВА ЦЕЛОСНО И ПОГРЕШНО РАЗОБЛИЧУВАЊЕ НА ГРАДОТ И ОД АСПЕКТ НА УРБАНИЗАМ И ОД АСПЕКТ НА АРХИТЕКТУРА, А СЕКАКО И ОД АСПЕКТ НА ИНФРАСТРУКТУРА КОЈА Е ЦЕЛОСНО ЗАПОСТАВЕНА ВО ПРОЕКТОТ, А ВСУШНОСТ Е ГЛАВЕН ПРОБЛЕМ НА ГРАДОТ.**

архитектите, под изговор дека конкурсите биле транспарентни, архитектите сами нуделе такви решенија во историски стилови. Вистината е дека во документациите на конкурсите стоеше „диктат" или урнек (со слика или текст) од нарачателот, за тоа како треба да изгледа фасадата и кој стил треба да се применува. Затоа одговорноста за ова историско промашување треба целосно да ја преземе владата-нарачателот, некои од архитектите послушници како и стручната јавност која не е доволно гласна во искажувањето на своето незадоволство од ваквиот развој во архитектурата.

Друг интересен момент кој зборува колку идејава е промашена е дека самите луѓе на кои им се допаѓа видеото, коментираат дека Скопје конечно ќе заличи на европски град, на Париз, на Рим, на Венеција. Ја препознаваат архитектурата и елементите кои ги оформуваат историските јадра на тие градови што значи дека целата приказна која владата сака да ја продаде со ова видео, за нашето македонско минато, нашето наследство и автентичната македонска архитектура, пропаѓа. Оние кои го бранат владиниот проект за разобличување на Скопје, говорат дека не треба да се прават copy/paste модерни згради од Европа и дека мора да се насочиме кон проектирање врз основа на нашите традиции, притоа заборавајќи дека всушност проектот на владата е copy/paste на европските историски стилови.

Ние имаме неолит, антички градови и населби, имаме Византија, имаме средновековна станбена архитектура која била инспирација за создавање на некои од начелата на модерната архитектура, имаме османлиска архитектура. Конечно

тие што сакаат да го видат нашиот македонски барок нека појдат во нашите цркви и манастири и нека ги погледнат извонредните иконостаси - тоа е нашиот барок, а не планираниот објект на Министерството за надворешни работи. Имаме модерна архитектура, имаме земјотрес, имаме град на солидарноста и објекти направени со донации од многу земји во светот. Го имаме Кензо Танге, еден од најзначајните светски архитекти. Имаме наши автори кои изградиле модерни згради инспирирајќи се од нашата традиција. Тоа се вистинските вредности кои ги поседуваме и со кои треба да се гордееме. Туристите од светот сигурно нема да дојдат во Скопје за да гледаат карикатури од неокласицизам, барок и неоантика изградени во 2-иот век.

## Против ѕидот на кичот

Во изминативе две години Владата на Р. Македонија најмногу од сè се занимаваше со разобличување на центарот на нашиот град. Изготвија повеќе измени на деталниот план за Малиот ринг и тоа по скратена и нетранспарентна постапка, без никаква јавна дебата која би требало да претходи за вака крупни промени. Стручната јавност е согласна дека во моментов се прават најголемите урбанистички и архитектонски грешки во Скопје.

> ОДГОВОРНОСТА ЗА ОВА ИСТОРИСКО ПРОМАШУВАЊЕ ТРЕБА ЦЕЛОСНО ДА ЈА ПРЕЗЕМЕ ВЛАДАТА-НАРАЧАТЕЛОТ, НЕКОИ ОД АРХИТЕКТИТЕ-ПОСЛУШНИЦИ, КАКО И СТРУЧНАТА ЈАВНОСТ КОЈА НЕ Е ДОВОЛНО ГЛАСНА ВО ИСКАЖУВАЊЕТО НА СВОЕТО НЕЗАДОВОЛСТВО ОД ВАКВИОТ РАЗВОЈ ВО АРХИТЕКТУРАТА.

Ние како студенти на државниот Архитектонски Факултет и млади архитекти сакаме да го искажеме нашето мислење.

Со најновите измени на ДУПот продолжува нападот врз јавните простори на левиот брег на Вардар. Не се почитува рас-

**СТРУЧНАТА ЈАВНОСТ Е СОГЛАСНА ДЕКА ВО МОМЕНТОВ СЕ ПРАВАТ НАЈГОЛЕМИТЕ УРБАНИСТИЧКИ И АРХИТЕКТОНСКИ ГРЕШКИ ВО СКОПЈЕ.**

тојанието кое мора да го имаат објектите од коритото на реката. Границата до која е дозволено да се гради е осмислена одамна пред сè поради безбедносни причини, но и со цел да формира слободна пешачка зона покрај самата река. Доколку се почитува таа граница при планирањето, лесно може да се заклучи дека речиси нема место за нови градежни маркички на тој простор.

На левиот брег на реката Вардар пред земјотресот постоеле објекти од културата (стариот театар, филозофскиот факултет, библиотеката), па затоа и во плановите по земјотресот на овој простор е предвиден комплексот на Културниот центар. Според победничкиот проект на словенечката група „Биро 77", волумените на филхармонијата, оперско-балетската зграда и киното, просторно создаваат еден вид на школка, односно плато или летна сцена, отворена кон реката и идеална за различни културни случувања. За жал, комплексот е само делумно изграден, затоа што ниедна досегашна влада не пројави интерес во целост да го реализира проектот.

Со најновите измени на ДУПот се прави директен упад на платото пред МОБ -она што треба да се доразвие во скопски културен центар. Се узурпира јавниот простор за општа употреба и се предвидува изградба на државни институции од затворен тип (Државен архив, Уставен суд, Кривичен суд, Јавно обвинителство, Министерство за надворешни работи). Помеѓу сите овие маркички на самото плато се поставува и некаков амфитеатар заобиколен со полукружна античка колонада, која има за цел да го сокрие МОБ - еден од најзначајните објекти на скопската архитектура од 20-иот век и објектот на новата филхармонија (во изградба). Колонадата со амфитеатарот е предвидена како објект со намена култура, меѓутоа

ДУРИ И ДА СЕ ИЗЅИДААТ СО КАМЕЊА ОД СТОБИ, ТИЕ НИКОГАШ НЕМА ДА ПРЕТСТАВУВААТ АНТИЧКИ ГРАДБИ, ТУКУ САМО БЕЛЕГ НА ФРУСТРАЦИЈА, ОСНОВНО НЕПОЗНАВАЊЕ НА ИСТОРИЈАТА НА АРХИТЕКТУРАТА И УМЕТНОСТА И УПОРНО ИГНОРИРАЊЕ НА МИСЛЕЊЕТО НА СТРУЧНАТА ЈАВНОСТ.

мала е веројатноста дека за време на жешките скопски лета граѓаните слободно ќе се собираат во дворот на Кривичниот суд, Јавното обвинителсво или пак Министерството за надворешни работи, за да уживаат под будното око на обезбедувањето на институциите. Ова е само уште еден доказ за нелогичноста на овие градежни површини.

Уште еден од проблемите кои се провлекуваат е форсирањето на некаков “антички” стил во обликувањето на новопланираните објекти. Овие чудни карикатури на така наречени “антички” или “барокни” објекти нема да имаат апсолутно никаква архитектонска вредност ниту за нас, ниту за евентуалните туристи на кои сакаме да им покажеме античко минато. Дури и да се изѕидаат со камења од Стоби, тие никогаш нема да претставуваат антички градби, туку само белег на фрустрација, основно непознавање на историјата на архитектурата и уметноста и упорно игнорирање на мислењето на стручната јавност.

Со овие измени и со претходните, се предвидуваат уште низа урбанистички и архитектонски грешки:

- Повеќето од предвидените катни гаражи се несоодветно поставени, затвораат фасади и визури кон едни од најважните архитектонски дела во Скопје – Телекомуникацискиот центар и хотелот Холидеј Ин
- Поместување на локацијата за мостот на цвеќето кој требаше да ги поврзе ГТЦ и Културниот центар. Со новите измени мостот на левиот брег завршува директно во објект

- Поставување огромен обелиск во паркот Жена борец, со што комплетно ќе се наруши хуманиот карактер на паркот. Тука се планира и подземен паркинг, што значи дека под паркот ќе се бетонира, а со тоа ќе се наруши и централниот градски биодиверзитет
- Чудна подземна и надземна инфраструктура, која, по логиката на нештата, би требало да се изгради пред сето друго, за да се овозможи непречено функционирање на објектите кои се веќе во изградба или ќе се градат...

Конечно добивме влада која сака да инвестира во изградба на нови капитални објекти, но за жал шансата да направи нешто навистина вредно, во светски рамки, ја пропушти заради теснопартиски интереси, игнорантност и идеолошки фрустрации. Она што ни преостанува како граѓани и архитекти е да ги сочуваме просторите кои се нападнати со последните измени на ДУПот и да не дозволиме да го доизградат ЅИДОТ НА КИЧОТ на левиот брег на Вардар.

pab.blog.mk, 19.01.2010.

*Прва Архи-бригада (ПАБ) е здружение на помлади архитекти од Скопје*

прва архи-бригада

10

# министерката за култура против ајфеловата кула

Министерката за култура на Македонија во повеќе наврати зборувајќи за критиките на јавноста упатени кон „новите” визии за Скопје, ја раскажува приказната дека и Ајфеловата кула најпрво не била прифатена од јавноста, па потоа станала симбол на Париз.

Тоа е точно, Ајфеловата кула не била прифатена од јавноста, но многу е значајно да се каже зошто.

Гистав Ајфел (1832-1923) најпрво учел хемија, а подоцна му се посветил на градежништвото. Тој соработувал со различни градежни фирми, каде што се запознал со технологијата на градење и решил да ја унапреди со помош на нови откритија.

**КОНТЕКСТОТ ВО КОЈ МИНИСТЕРКАТА ЗА КУЛТУРА ЈА УПОТРЕБУВА ПРИКАЗНАТА ЗА АЈФЕЛОВАТА КУЛА Е КОМПЛЕТНО ПОГРЕШЕН.**

Ајфел констатирал дека масивното лиено железо треба да се замени со конструкција од валано железо и челик, кои индустријата веќе ги произведувала. Истовремено, истражувајќи нови облици кои подобро би одговарале на статичките особини на тие материјали, тој ги открил металните решеткасти носачи.

Во тој период (XIX век) академизмот во архитектурата е многу моќен - не е заинтересиран за новите достигнувања во техниката, ги конзервира поимите, творечката мисла и ја задржува архитектурата во застарените форми на градежните занаети. Сето ова не им дава можност на креативните инженери и архитекти да ги применат новите материјали и железни конструкции во изградбата на монументални или општествени објекти. Примена на новите материјали и техники била возможна само кај инженерските и производствените хали и кај некои станбени објекти.

За да ја постигне поставената цел, унапредување на технологијата на градба, во 1867 Ајфел основал своја градежна компанија која призведувала метални елементи со голема прецизност, поради што почнале да пристигнуваат големи порачки и од надвор од Франција. Неговата фирма има подигнато голем број мостови, станични хали, кровни и слични конструкции, со воведување на низа технички новини. Најпознати објекти од тој вид се: мостот Дуро кај Порто (1878) и мостот Триер кај Гарабит (1884).

Ајфеловата кула е изградена за Светската изложба во Париз (1889), а по нејзиното завршување било планирано да се демонтира. Раѓањето на таков нов облик на градба, кој немал никаква сличност со ниеден дотогашен објект и претставувал еден нов простор оформен од железни прачки бил несфат-

лив и одбивен за поголемиот број граѓани, кои биле навикнати да ги гледаат еклектичните градби во нивниот град. За среќа околу 1910 година неколку уметници, Робер Делоне и Антоан Певзнер, застанале во одбрана на Ајфеловата кула, а со текот на времето и јавноста се навикнала на присуството на оваа 300 метарска градба, која денес претставува незаменлива доминанта во урбаната слика на Париз.

Оттука може да се заклучи дека контекстот во кој министерката за култура ја употребува приказната за Ајфеловата кула е комплетно погрешен. Случајот со Ајфеловата кула покажува дека на париската јавност како и на конзервативните академии за архитектура и уметност им било потребно време и едукација за да прифатат нешто ново, модерно и напредно да ја претставува нивната метропола. На сличен отпор од широката јавност и конзервативните академии, наидувале скоро сите напредни и револуционерни идеи во уметноста, за после извесно време да бидат широко прифатени и изучувани.

Вистинскиот контекст во кој може да се употреби приказната за Ајфеловата кула е на пример да се опише како оваа македонска влада, но и претходните влади, не можат да ги препознаат вистинските вредности... не можат да прифатат дека архитектурата како и секое дело во уметноста треба да го носи печатот на времето, технолошкиот развој и просторот во кое се создава... не можат да прифатат дека со употреба на нови материјали, технологии на градба и соодветен метод на проектирање, може да се реконструираат некои од објектите срушени во земјотресот, без при тоа да претставуваат бледи копии од минатото... не можат

> ... НЕ МОЖАТ ДА ПРИФАТАТ ДЕКА ОБЈЕКТОТ НА МОБ Е ЕДЕН ОД НАЈЗНАЧАЈНИТЕ ОБЈЕКТИ НА СКОПСКАТА МОДЕРНА АРХИТЕКТУРА, ПА ЗАТОА ПЛАНИРААТ ДА ГО СОКРИЈАТ ЗАД „ЅИД" ОД БЕЗВРЕДНИ ЈОНСКИ СТОЛБОВИ...

да прифатат дека објектот на МОБ е еден од најзначајните објекти на скопската модерна архитектура, па затоа планираат да го сокријат зад „ѕид” од безвредни јонски столбови.....

Во приказната за Ајфеловата кула, министерката за култура и нејзините поддржувачи треба да се препознаат себе си во групата која се противела на изградбата на кулата и која била за зачувување на застарените форми на градежните занаети.

pab.blog.mk, 06.02.2010

*Прва Архи-бригада (ПАБ) е здружение на млади архитекти од Скопје*

петрула костовска

11

# море од стилови без идејна потпора

*Во секој период треба одново да се прават обиди да ја отргнеме традицијата од конформизмот што сака да ја надвладее.*

Валтер Бенјамин

Ме изненади кичот, ме стаписа невкусот. Но, најмногу ме погоди кратковидоста на власта и недостигот од елементарно чувство за естетика. Идејниот проект „Скопје 2014“ е пастиш, море од стилови без идејна потпора. Слепото преземање и копирање референци не може да функционира без длабока идејна замисла. А каде и во што да ја пронајдеме и да ја

**ДАЛИ АВТОРИТЕ (АРХИТЕКТИ И СКУЛПТОРИ) СЕ ДОРАСНАТИ СЕБЕСИ И СВОИТЕ ДЕЛА ДА ГИ ГЛЕДААТ НИЗ ПРИЗМАТА НА ПОСТМОДЕРНИЗМОТ? МИСЛАМ ДЕКА НЕ. ГО НЕМА „ЦИТАТОТ, ОТСУСТВУВААТ РАЗИГРАНОСТА И ХУМОРОТ, ТИЕ СЕБЕ СИ СЕ СФАЌААТ ПРЕМНОГУ СЕРИОЗНО, А НЕДОСТАСУВА И ИНВЕНТИВНОСТА. НАМЕСТО АПОТЕОЗА НА ГЕНИЈОТ, ИМА ЛАЖНО ВЕЛИЧАЊЕ НА ВКУСОТ НА ПОРАЧАТЕЛОТ.**

препознаеме романтичарската идеја или патриотската симболика? Дали во изветвената неокласична естетика, претставена преку безбројни антички колонади, во необарокниот стил на куполи и расчленети натрупани фасади, во триумфалистичката иконографија или во неореалистичките скулптури (иако единствено кај последниве има историски континуитет)?

Повикувањето на големите историско-уметнички правци е нецелисходно, ако не е поткрепено и со искристализирана идеолошка матрица, а нивното празно аплицирање доведува до т.н. неоеклектизам применуван и денес во американската станбена архитектура, попознат како стил Мек-палата. И доколку, како што кажа ценетиот Александар Станковски, следбениците на модернизмот и постмодернизмот сѐ уште кршат копја околу превласта и улогата на двата „изума“ во современото општество, и ако власта (или уметниците и нејзините советници) претендира да го окарактеризира архитектонското обликување на центарот на Скопје во функција на постмодернизмот, треба ли идејниот план да го гледаме со доза на иронија или, скраја да е - хумор?

Но, дали авторите (архитекти и скулптори) се дораснати себеси и своите дела да ги гледаат низ призмата на постмодернизмот? Мислам дека не. Го нема „цитатот, отсуствуваат разиграноста и хуморот, тие себе си се сфаќаат премногу сериозно, а недостасува и инвентивноста. Наместо апотеоза на генијот, има лажно величање на вкусот на порачателот. Иронично е залагањето за некаква национална порака во целиот проект, а во исто време враќање кон естетиката на окупатор-

**ДАЛИ САКАТЕ ИДНИТЕ ГЕНЕРАЦИИ ДА ГО ПАМЕТАТ (И ИСМЕВААТ) НАШЕТО СКОПЈЕ КАКО ШТО ДЕНЕС СЛУЖИ ЗА ПОТСМЕВ НАРОДНА ПАЛАТА НА ЧАУШЕСКУ?**

ските војски. А не велам дека не треба да се почитуваат достигнувањата на европските или, подобро речено, балканските" културни придобивки. Сепак, тоа се достигнувања на експанзионистичките политики на младите деветнаестовековни балкански нации. Митологизацијата на личностите или на настаните од сопствената историја е еден од начините преку кој се гради и ја зајакнува нацијата. Но, дали ние, допрва, на почетокот на 21 век, ќе го живееме својот национал-романтичарски сон? Зарем почетокот на деведесеттите години од 20 век, со целиот свој ужас, не ја покажа опасноста од будење на овие утопистички проекти. Тоа време, за среќа, ја одмина Македонија.

Скопје, за жал, ја доживеа несреќата да биде жртва на катастрофален земјотрес и од тоа нема враќање назад. И на оние што сакаат, во името на носталгијата, да се навраќаат на времето пред педесетина години, градските татковци (или иницијативниот одбор за обновување на предвоениот театар) им го подарија старо-новиот театар. А останатите - треба да се свртиме кон иднината. Сè друго е анахронизам. Доколку сакаме трумфални порти, треба да се стремиме не кон париската Триумфална капија, туку кон големата Арка од Дефанс. Доколку копираме пирамиди, пример да ни биде стаклената пирамида на И. М. Пеи. Доколку градиме цркви, идеалот да го гледаме во Роншамп на Корбизје. Или, пак, ако повеќе милувате, да се потсетиме и на византискиот император и наш сограѓанин Јустинијан I, кој бил доволно доблесен за реновирање на црква „Св. Софија" во Константинопол/Истанбул, да повика не ѕидари, кои би го повториле стилот на претходната, престолничката катедрална базилика, туку иновативните градители и визионери Исидор и Антемиј. Владетелите во историјата се паметат толку колку што имале самосвест да го

**ВО МАКЕДОНИЈА, ВЛАДАТА КАКО ГЛАВЕН ИНВЕСТИТОР НА КАПИТАЛНИ ОБЈЕКТИ, ПРЕКУ ЕКОНОМСКИ МЕХАНИЗМИ ГИ ОБЕЗГЛАСИ АРХИТЕКТИТЕ, НО И СЛОБОДОУМНИТЕ ГРАЃАНИ. ДАЈТЕ ГО СВОЈОТ ГЛАС КАКО ПРОТЕСТ.**

препознаат и да го негуваат уметничкиот гениј, а не плагијаторот.

И, конечно, дали сакате идните генерации да го паметат (и исмеваат) нашето Скопје како што денес служи за потсмев Народна палата на Чаушеску? Јас не. Плоштадот треба да се дообликува, кејот треба да заживее, Скопје треба да личи на главен град, но како модерна, современа метропола што нема да се срами да го дочека 22 век. Отворена и конструктивна дебата по сите прашања мора да има. Авторите на објектите или идејните решенија да се именуваат и јавно да излезат во одбрана на своето дело. Повиканите автори, авторитети и советници што го одобриле планот да се произнесат по сопствените позитивни оцени или негативни забелешки. Иницијаторите на проектот нѐ убедуваат дека е создадено „ремек-дело“, но авторите молчат. Може ли себе си да си признаат дека со чиста совест и интегритет го изнедриле своето идејно чедо? Но, нѐ оставајте да нѐ гризе црвот на сомневање дека по диктат се создавале уметничките творби! Економската зависност од мецената низ историјата произведувала сервилни творци. Затоа, таму каде што недостасува здрава конкуренција меѓу сопствениците на капиталот се раѓа затвореност и стагнација.

Во Македонија, Владата како главен инвеститор на капитални објекти, преку економски механизми ги обезгласи архитектите, но и слободоумните граѓани. Дајте го својот глас како протест. Понудете ја вашата креативност како бариера против невкусот. Предложете алтернатива. Затрупајте нѐ со инвентивни творби и иновативни идејни проекти. Сѐ е подобро од резигнираност и очај.

**„Утрински весник“, 24.02.10.**

*Петрула Костовска е историчарка на уметност; живее и работи во Велика Британија*

Ана Ангелова

12

# Чунки Чукнати

Пред некој ден главниот град на САД за прв пат се најде на светските насловни страници на тема која не беше политичка. Пријатно беше да се видат покрај претседателот Обама и гостите на светските политички самити, и нормални луѓе кои освен мермерните споменици и перфектно асфалтираната авенија Пенсилванија, повремено – кога ќе им пристигне неочекуван подарок од природата – знаат што се гумени чизми и што е лапавица.[1] Закочен авиосообраќај, непроодни патишта, прекин на електрична енергија, празни рафтови во продавници... сè на сè, невиден хаос кој најдобро го отслика парализираната Влада на САД која беше принудена да оди на одмор. Па, кога ова може да им се случи на Американците, тогаш може секому.

1 Во првиот викенд од февруари 2010 главниот град на САД го зафати невреме кое на регионот му донесе рекордни 91 сантиметар снег. Околу 300.000 жители во Мериленд, Вирџинија и Вашингтон останаа без електрична енергија, а невремето однесе и две човечки жртви.

Секако. Но, сепак, невозможноста главниот град миговно да се расчисти од снегот ги стави во ќош локалните власти коишто со денови се правдаа пред домашните камери. „Екипите се на терен“, „постојано се чисти“, „се моли федералната влада да помогне“, беа само дел од исказите кои градоначалникот Адриан Фенти ги повторуваше на прес конференциите. Главниот град на САД не може недела дена да го расчисти снегот?! Просто неверојатно! Каков пропуст и неодговорност?!

Неверојатно, можеби, но само за оние за коишто САД е земја во којашто еден пајташ пали и гаси, а останатите слушаат и кимаат со глава. Па ако тој притисне „дугме“ сѐ е под контрола. А, кога станува збор за „своите“, секогаш е спремен да ги заштити (знаеме, нели, дека САД пука само по „обесправените“ во светот). Сепак, реалноста е малку подруга.

**ИМА НЕКОЈ КОЈ НАВИСТИНА ВЕРУВА ВО ОВОЈ ЗА ФИЛМ?**

Буџетот на локалната власт на Вашингтон се полни од данокот од локалното население. Според пописот од 2001 година, станува збор за нешто повеќе од 500.000 жители.[2] Од друга страна, метрополата Вашингтон (која вклучува дел од приградските населби коишто географско-политички припаѓаат на државите Вирџинија и Мериленд) е два милиони жители или, една Македонија. Поголемиот дел од нив работат во Вашингтон и ја користат инфраструктурата на градот - од патиштата, преку локалните институции и јавниот превоз - но не плаќаат данок во Вашингтон. Оттука, градот во принцип поддржува два милиона народ, од данокот на 500.000, па кутриот градоначалник на политичкиот центар на најмоќната држава во светот нема пари да обезбеди камиони за чистење на снег. Немаше ни доволно сол, ниту доволно работна рака која ќе го расчисти аеродромот, ќе ги исчисти пистите и ќе ги поддржи „заглавените“ патници. Нема, зашто тој едно-

2 Според официјалниот попис на САД од 2001, во округот Вашингтон живеат 572.059 жители.

ставно одлучил (а и секој градоначалник претходно) дека е непотребно да се инвестира во возен парк кој ќе се користи еднаш на 100 години (кога на природата ќе ѝ текне да донесе нов „снежен рекорд“ во престолнината) кога постојат безброј нерешени градски проблеми.

И додека Вашингтон се тетеравеше по снегот и чекаше пет дена да се појави сонцето (и камионите на заем од комшиите кои конечно ќе го однесат снегот од главните булевари), а населението се одмараше и грицкаше семки дома на топло, во Македонија излезе планот „Скопје 2014“.

Брej! Оние таму не можат една улица од снег да исчистат, а овие овде и Париз и Рим ќе ги сместат во центарот на Скопје и тоа за неполни четири години. Додека вашингтонците се напрегаа да преминат една обична раскрсница без притоа да расцепат глава, на Македонците устата пена им фати во обидот еден на друг да си расцепат глава. Според едни, на граѓаните не можело комплетно да не им се допаѓа планот. Според некои други, можело. Едни велат не била толку лоша замислената Филхармонија, други велат на видеото Ченто изгледал како комитски-комунист. Трети вадат „архитекти“ од нафталин во одбрана на „визионерот“, четврти си ставаат јамка околу врат прогласувајќи „смрт на фашизмот“, а сите заедно упорно дебатираат. Уште да кажеа, за што?!

Има некој кој навистина верува во овој 3Д филм? Некој верува дека Македонија има капацитет (настрана средства) да ја оствари замислата на „визионерот“ и тоа до 2014? Македонија со години нема капацитет да обезбеди тоалетна хартија во тоалетите на „великиот“ аеродром (чувај боже да ги реновира како што треба), а има капацитет да изгради луна парк? Добога, една рампа за хендикепирани луѓе пред Парламентот се правеше 70 години!

Македонија од распадот на СФРЈ па наваму не може да обезбеди греење во јавните спортски и културни простори (театри, библиотеки, кина, спортски сали, базени итн. – кои и ги нема); нема клавир што може да ги почувствува прстите

на Трпчески (се влечка клавир од Скопје до Охрид за да се плати светски тенор 100.000 долари додека повеќето од вработените во МОБ се хонорарци без плата и пензиско), а ќе гради Филхармонија? И, за кого? За едвај, колку во просек продадени карти по настап (да, секако, важно е да се биде виден)!? Во Македонија нема каде да се купи CD со делата на Бах, Шекспир е тип даски за плафон, Моцарт е вулканизерски сервис, а ние ќе градиме што?! Па, остана ли некој нормален во државава?

Ќе инвестираме и градиме во случај Мерил Стрип да посака да дојде да го види Ченто?[3] Да снима филм во прегратки со Даме? И кој ли веќе сè не посрна од видеото...

Навистина, фрапира фактот што постојат луѓе коишто целосно и со внимание го проследиле видеото и анализираат „архитектонски решенија“. Ова е тема за свесни и совесни интелектулаци (ох, тој погрден термин), колку што е „недостатокот“ на камиони за чистење снег на вашингтонските власти за американските јавни интелектуалци.

**ВАКВА ИДЕЈА ВО НОРМАЛНИ ЗЕМЈИ ЌЕ ЈА ЗАВРШЕШЕ КАРИЕРАТА НА СЕКОЈ ПОЛИТИЧАР ДОВОЛНО ПРОСТ И ГЛУП ДА ЈА СПОМНЕ, А КАМОЛИ НА ТИЕ ШТО МОЖЕБИ ЌЕ СЕ ДРЗНАТ ДА УДРАТ КОПАЧ НА ПЛОШТАД**

За вакви теми може да дискутираат и да ги врамуваат во рамките на анализа на „политички капацитети“ на понудени (и спротиставени) политички опции, само ликови од типот на Латас[4] и Миленко[5] (и Раш Лимбо[6] кој

3 На Трибина одржана на 9 февруару 2010, режисерот Аљоша Силјановски во одбрана на проектот „Скопје 2014“ изјавил дека „секогаш [му] била животна желба да игра главна улога во филмот Мерил Стрип. Но да ја поканиш Мерил Стрип во некаков трошен амбиент, во некоја трошна приказна е страшно ризикантно“. (Интернет страница на А1 телевизија: Вчитано на 16.2.2010. http://a1.com.mk/vesti/default.aspx?VestID=119709)

4 Драган Павловиќ Латас

5 Миленко Неделковски

урлаше „срамота, демократите треба да обезбедат 100 камиони за чистење снег“ - во град кој последен пат видел ваков снег 1899) и сите останати за коишто црното е црно само додека ним им се сака (и им се дава) бело. За луѓе кои користат логика и памет целава епизода треба да преставува само еден наполно утнат пропаганден обид, дотолку неинвентивен што како проект ќе падне на испит и по политички ПР и маркетинг, и по архитектура, и по урбанистичко планирање на најбедните факултети во светот, а не да помине како важен и значаен државно-политички план. Ваква идеја во нормални земји ќе ја завршеше кариерата на секој политичар доволно прост да ја спомне, а камоли на тие што можеби ќе се дрзнат да удрат копач на плоштадот во Скопје.

Идејата може да пројде само кај луѓе кај коишто поминува аргументот: „па, Бранко [Црвенковски] ништо не направи, овие бар нешто прават.“ Е трагедијата е што овој „аргумент“, за жал, поминува кај поголемиот дел Македонци. Преведено тоа значи: „Бранко ништо не направи, како што не направи ни Љубчо [Георгиевски], ниту [Владо] Бучковски, а не ни е гајле што ништо нема да направи ниту [Никола] Груевски сѐ додека ние имаме на што да се радуваме - како што малите деца се радуваат на сликич-

> ЌЕ ПРОДОЛЖИ ДА СЕ РАСПАЃА КУЌАТА ВО КОЈА УЧИТЕЛСТВУВАЛ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ, ЌЕ ПРОДОЛЖИ ДА СЕ РАСПАЃА И КУЌАТА ВИДЕНА ВО СЛАВНИОТ „СРЕЌНА НОВА '49" ВО ШТИПСКО НОВО СЕЛО, А И МАКЕДОНСКАТА АРХИТЕКТУРА НА ИСАРОТ. ЌЕ ГОРИ СВ. ЈОВАН БИГОРСКИ, ЌЕ СМРЗНУВААТ РОМЧИЊАТА НА -20 СТЕПЕНИ НА КАМЕНИОТ МОСТ

6 Конзервативен (и контроверзен) водител на највисоко рангираното шоу - според бројот на слушатели - во САД (The Rush Limbaugh Show). Подржувач на Републиканската партија, познат по своите запаливи и неаргументиран ад хоминем напади кон противниците.

ките од чунга-лунга[7]“. Оти, се испоставува, ние сме во главата чукната гунгула од народ!

Никој ништо нема да направи, а ние ќе продолжиме да умираме од инфекции зашто нема Ургентен центар кој може да нѐ прими. Ќе се зголемува бројот на невработени[8], ќе се шири реата од тоалетите на аеродромот, ќе умираат луѓе по несоодветни автопати, ќе се дават граѓани во Охридското езеро. Ќе продолжи да се распаѓа куќата во која учителствувал Гоце Делчев, ќе продолжи да се распаѓа и куќата видена во славниот „Среќна Нова ’49“ во штипско Ново село, а и македонската архитектура на Исарот. Ќе гори Св. Јован Бигорски, ќе смрзнуваат Ромчињата на -20 степени на Камениот мост. Ќе продолжат да гладуваат старците во старечки домови, ќе спијат децата од Домот за деца без родители на земја, ќе се губат Вардар и Велес во длабок сон, успиени од истуреното ѓубриште и хемикалии. Студентите по студентските домови ќе водат љубов со влекачи, зашто...зашто ние очевидно навистина сме античка земја, заглавена во антички услови: глад, кал, војни, линчувања и култура која го разбира светот како поле во кое човечкиот живот е вреден колку што е вреден (тендерот за) еден камен. Затоа, ќе продолжат да нѐ клесаат (и да простите, ама и клецаат во здрав мозок) политичарите, додека не нѐ закопаат - во камен, на сред престолнина.

Снегот се топи. Природата ќе се смилува. Човештилакот, или по ново инаетливиот простотилак на Македонецот... е него не го даваме, па нек пукнат душманите!

**„Окно“, 16.02.2010**

*Ана Ангелова е редовен колумнист на порталот „Окно“. Живее и работи во Вашингтон, САД.*

7 Популарни гуми за џвакање.

8 Според Заводот за статистика на Република Македонија стапката на невработеност во државата во последниот квартал од 2009 изнесувала 32,4 проценти.

ристо лазаров

13

# разгледници

Отпрвин некој прорече (а со пророци не сме скудни) дека само што не сме поплавени од гордите насмевки на туристите кои ем се сликаат, ем испраќаат разгледници од најновите ни градителски подвизи. Подвизи во изградба, насмевки во изградба, гости во изградба. Отпосле други приредија цели изложби на разгледници за тоа како некогаш изгледале местата предвидени за нови градежни подвизи и нови мотиви за разгледници. Старите разгледници разбуричкаа носталгија, ама и стари збрки: местото на разгледницата е едно исто, ама не исто: на една разгледница се гледа црква, на друга џамија. Во меѓувреме, на таквото место никнале некои нови, стаклени знамења на новите попови и оџи на бизнисот. Дуплите експозиции малку им го заматуваат уживањето на колекционерите на разгледници - ем на разгледници, ем на горди насмевки и ќеифлиски воздишки. Па, така добиваме и колекционери во изградба.

**КОРТАСАР ВО МИГОВИ НА ВИСТИНСКИ ВОСХИТ БЕШЕ РЕКОЛ ЗА ПАРИЗ: „ДА БИДЕШ НИКОЈ ВО ГРАДОТ КОЈШТО Е СÈ, ИЛЈАДА ПАТИ Е ПОУБАВО ОД СПРОТИВНОТО". ТУКА КАКО ДА Е СПРОТИВНО ОД СПРОТИВНОТО.**

Разгледниците, ако си спомнувате, беа своевидни статусни симболи на секој град и туристичко место: Охрид, Скопје, Дубровник, Рим сосе Ватикан и Фонтаната де Треви, Париз, ах Париз сосе Ајфеловата кула! Градовите што немаа разгледници (не секакви, ами убаво изнакитени и нашарани, во боја!) не се есапеа за градови. Речиси и нема зошто да одиш во некој град ако во бутката, во центарот, нема да се купат разгледници кои, нели, освен на најблиските и најсаканите, им се испраќаа и на најзавидливите - да видат за кого е мал светот, да им се разбуди црвот на завидливоста, да пукнат од мака! А скоривачите на завист, пак, си мислеа дека ако испратиле разгледница од плоштадот „Свети Петар" во Рим, ѓоа пиеле липов чај, еве на ќошот што се гледа на разгледницата, лично со Папата.

Испраќањето разгледници ден-денес не е баш расветлен феномен, од аспект на простата логика: сите разгледници, од каде и да ги праќавме, на назначената адреса пристигнуваа отпосле, дури откако ќе се вратевме од екскурзијата „низ Југославија", на пример, а за од странство и да не збориме. Сите го знаевме тоа, и сите пак испраќавме разгледници – сертификати за нашата упоритост и тврдоглавост. Да видат комшиите колку сме шетани! И шетани и шејтани!

Би што би, се сменија времињата, се сменија луѓето и навиките, се сменија (пензионираа) и поштарите што разнесуваа разгледници и разгледниците проретчија во туристичките пунктови и пркосно го очекуваат денот на исцелото заминување во зоната на носталгичните сеќавања. Сосема е беспредметно за разгледниците денес да се разговара во идно време. Има Интернет, има мобилни телефони, има и други

начини за испраќање срдечни и топли поздрави од прекрасниот Охрид или Дубровник. Пораките фрчат со светлосна брзина и современите туристи и екскурзијанти на раат си се прибираат дома, носејќи ги некогашните разгледници во своите дигитални камери, со можност да се прикажат каде што ќе посакаат: на компјутерскиот десктоп, на ЛЦД-мониторот, секаде. И пак да бидат „за спомен и долго сеќавање“.

При сета, сосема извесна (исчезнувачка) судбина на разгледниците, ене ги пак, на привремен престој во нашето секојдневје. Обоени со високи дози дречлив триумфален занес - ем на градителите, уште повеќе на нарачателите на монументалните градби, уште недоградени што се за кадро. Кадро со насмевки, се разбира, како што се разбира дека има разни видови насмевки и смешки. Кому насмевките - на објектите или на градителите и нарачателите? Кортасар во мигови на вистински восхит беше рекол за Париз: „Да бидеш никој во градот којшто е сѐ, илјада пати е поубаво од спротивното“. Тука како да е спротивно од спротивното. И цената на овој темелен превид е многу висока и неа нема да ја плаќаат виртуелните туристи, ами нашите нови поколенија, при што киселите насмевки нема да им бидат од никаква полза. Некои стари разгледници можат да имаат вкус на мармалад од сливи и крцкави ’рчели, ама некои можат да личат и на новокомпонираната од соседството: „слику своју љубим“.

> **И ЦЕНАТА НА ОВОЈ ТЕМЕЛЕН ПРЕВИД Е МНОГУ ВИСОКА И НЕА НЕМА ДА ЈА ПЛАЌААТ ВИРТУЕЛНИТЕ ТУРИСТИ, АМИ НАШИТЕ НОВИ ПОКОЛЕНИЈА, ПРИ ШТО КИСЕЛИТЕ НАСМЕВКИ НЕМА ДА ИМ БИДАТ ОД НИКАКВА ПОЛЗА.**

Во меѓувреме, се разбира, секој ќе си спомне дека, на пример, и онаа грдосија од палата ја има на секоја разгледница

од Букурешт, ама, тоа воопшто не го пере нејзиниот градител и не ги крепи убавите спомени за него. Напротив. А уште поназад и да не зачекоруваме во историјата - и на градбите, и на градителите, и на нарачателите, и на разгледниците. Безбели е јасно дека минатото не е за повторување во иднината - пред да распретаме многу парадокси и пак да не стасаме подалеку од мислата што еден мој пријател постојано ја повторува: „Арка“ ја граделе аматери, а „Титаник“ професионалци!

**„Утрински весник“, 20.03.10.**

*Ристо Лазаров е новинар и писател*

## томислав османли

14

# крадат град

*Покрај тоа што е екстериоризација на менталниот пејзаж на Водачот, визуелизацијата на Центарот е плацдарм за крадење квадрати во новите, кич габарити од бетон, стакло и од споменична бронза. Тоа е рецептот на Архитектурата за Финансиско Усреќување на членовите на Фамилијата (скратено АФУФ), а митоманско на масите. Така овде и сега провинцијалци лажат дека градат; во суштина тие крадат град. Едните крадеа без да градат, овие градат ли, крадат.*

07.02.10, Facebook профил на авторот

## Крадат град

Во 3-Д приказната „Скопје 2014“ воопшто не станува збор за овој град. Нејзините предлагачи немале намера да зборуваат за овој град бидејќи тие веројатно не го познаваат, но сигурно е дека не го сакаат. Она што тие го сакаат е некој нивен имагинарен град на местото на Скопје. Сигурно е дека тие го посакуваат неговиот простор. Во критичкиот дискурс низ нашите медиуми веќе беше речено: „визијата“ за Скопје потсетува на Ахшабад денес, на Берлин од помпезните обесчовечени визии на Алберт Шпер во 40-те... Таа анимација за Скопје по четири години мене ме потсетува на градот од стрипот „Далечната планета“ (The Trigan Empire) од стара „Панорама“, во кој постои една цивилизација што познава нови футуристички летала, но едновремено негува имиџ сличен на староримскиот империјализам, со помпезна архитектура од јавни згради со јонски колонади и булевари за паради со тешки триумфални капии, во една заедница која, патем, по многу борби за власт, отуѓеност и агресивност, самата се уништила... Понекогаш ми се чини дека авторот на концептот го читал овој стрип како дете, а ние сме жртва на неговата погрешна перцепција и идентификација. Така, концептот на „Скопје 2014“ се однесува на сон позајмен од стар стрип од 60-те и на една од невкус, отуѓеност и агресивност, уништена цивилизација.

ТАКА ОВДЕ И СЕГА ПРОВИНЦИЈАЛЦИ ЛАЖАТ ДЕКА ГРАДАТ; ВО СУШТИНА ТИЕ КРАДАТ ГРАД. ЕДНИТЕ КРАДЕА БЕЗ ДА ГРАДАТ, ОВИЕ ГРАДАТ ЛИ, КРАДАТ.

Таа визија полна со наполеонски кич, псевдо-ампир, квази барок, беспричински триумфализам и новокомпонирана

ТАА ВИЗИЈА ПОЛНА СО НАПОЛЕОНСКИ КИЧ, ПСЕВДО-АМПИР, КВАЗИ БАРОК, БЕСПРИЧИНСКИ ТРИУМФАЛИЗАМ И НОВОКОМПОНИРАНА СЕЦЕСИЈА ПРЕТСТАВУВА ЕДЕН ГАЛИМАТИЈАС ВО ВКУСОТ НА НЕЈЗИНИОТ АВТОР ИЛИ АВТОРИ

сецесија претставува еден галиматијас во вкусот на нејзиниот автор или автори. Фала му на бога, не сум единствениот што со индигнација одбива да живее во урбанистичкиот простор на нечија „цезарионска“ фрустрација. Сепак, разочаран сум од интелектуалците кои тоа го прифаќаат претворени во неискрени гласноговорници на носителите на овие визии. Пред наши очи, архитекти, модерни музичари, замолчени естетичари, писатели и теоретичари на литературата и на уметноста за времетраење од една пропагандна емисија си ги згазија долгогодишните дела и кредибилитети, сни за Скопје со душа, гласно или срамежливо бранејќи еден ноторен, помпезен кич.

Се прашувам која е вистинската мерка за присуство на минатото во иднината? Верувам, онаа што од непостоење ќе врати капитални објекти и цел еден град со своја меморија, човечки лик, жив колорит и спонтана мешавина од стилови во кои се огледуваат и дијалогизираат средновековната, ориенталната и минатовековната архитектура, а не да го претвора во тоталитарно ретро од градби со стилови и знаци, сосем туѓи на Скопје. Скопје го губи својот genius loci.

Кога неговиот легендарен градител Јосиф Михајловиќ, почнувајќи од доцните 20-ти, го претвора Скопје од касаба во град со европска организација, градби и функции, тој тоа го прави почитувајќи го идентитетот и духот на местото. Почитувајќи ги мерките и човечките димензии. Затоа скопјани се вљубија во својот некогашен град. Не случајно тој град стои во нивните чувства и визија. Како што тој се уриваше и, како што сега наполно се одродува, тие го презираат неговиот безвкусно

преобликуван центар зашто чувствуваат дека го губат својот несовршен, но топол предел со човечки мерки и заживуваат во туѓо место, во град од нечија апсолутистичка визија.

„Капитал“, 25.02.10.

## Одземен дух и простор

Не знам каква порака Скопје ќе зрачи во подалечната иднина, мене сега ме преокупира прашањето каква енергија зрачи денес.

А денес Скопје зрачи пораки на невкус и централистички волунтаризам, Се остварат ли овие пораки, Скопје нема да зрачи ништо во наредните децении, освен една тивка приказна за тоа како е уништен центарот на еден град од една државна власт и од нејзините епигони, што дел ја поддржуваат, а дел академски молчат. Тој молк ќе биде пораката за урбанистичката иднина на градот со одземен дух, вкус, идентитет и физички простор.

„Нова Македонија”, 24.02.2010.

*Томислав Османли е писател и новинар*

михаил токарев

15

# 333 историски поуки и аналогии

**Корените на новиот „академизам"
во проектот „Скопје 2014"**

Драги мои колеги архитекти и културни дејци! Убеден сум дека никому од нас, ниту во мрачен сон не му се појавила кошмарната бројка 333, ама факт е дека токму толку години поминаа од 1677 година, кога владетелот на половината од земјината топка кралот Сонце - Луј XIV, преку својот способен прв министер Колбер, за прв пат во историјата ја оформи Академијата на архитектурата. Нејзина основна задача беше да ги разработи „идеалните вечни закони на убавината", според кои треба да се градат сите позначајни објекти во француската империја.

Академијата, на чело со нејзиниот прв директор Ф. Блондел, автор на првата триумфална капија „Сен Дени" во Париз, утврди дека „својство на божественоста е геометричноста", при што како теориска подлога за понатамошна разработка треба да послужат делата на А. Паладио (1508-80). Според неа, совршеното архитектонско решение, освен што треба да има нагласена симетрија со помош на ризалит или фронтон, тој мора да содржи и заеднички кров врз антаблемент и балустрада, кои се потпираат врз низа колосални столбови и пиластри.

На таков начин, разиграноста, драматичноста и живописноста на изворниот италијански барок беа заменети со законите на „новиот" барокен класицизам, наречен според владетелот „стил Луј XIV". Набргу, тој стил во вид на широко архитектонско-уметничко движење, под заедничкото име паладионизам, од Франција премина во Англија и маширајќи низ Европа стигна дури до Русија. Сите тие апсолутистички монархии, овој строг стил го прифатија со една единствена цел: преку него да ја величаат моќта на својата империја. Очигледна беше намерата со употребата на овој стил да се премостат шест века, преку воспоставување архитектонски аналогии со големата Римска империја, според чија прочистена и поедноставена архитектура, Паладио го воспостави „својот" стил. (Сличноста со проектот "Скопје 2014" е случајна.)

Бидејќи сè до крајот на XVIII и почетокот на XIX век општествено-политичките состојби останаа речиси непроменети, „варијантите" на паладионизмот продолжија да се употребуваат и понатаму под името класицизам и неокласицизам. Неокласицизмот за време на императорот Наполеон Бонапарта, не само што не се срамеше, туку се гордееше со буквалното копирање на архитектурата од римската империја, со желба да направи поубава и повеличествена „класична" архитектура.

Паралелно со неокласицизмот, во првата половина на XIX век нашироко се развива и едно навидум ново творештво, под името романтизам, кое како реакција на „античкиот паганизам” инспирација бара во христијанството и уметноста во национален дух. Бегајќи од индустриската реалност што претстоеше, романтизмот се свртува station наназад, правејќи разновидни варијации на одделните изминати стилови, додавајќи им го префиксот „нео”. Сите неостилови, вклучително и неокласицизмот, од пионерите на модерната архитектура се наречени еклективни, бидејќи тие всушност не нудат ништо ново за развојот на архитектурата. (Сличноста со проектот “Скопје 2014” не е случајна.)

## Заспаниот ум раѓа чудовишта

И ете, драги мои културни дејци, 333 години по формирањето на француската Академија на архитектурата, на прагот на XXI век во времето на информатичкото општество, почна да дејствува еден вид скриена „Македонска академија на архитектурата”, со намера да воспостави некакви „нови правила за создавање совршени архитектонски решенија”. Тие свои правила таа упорно настојува да ги наметне како официјални, со објавување конкурси или директни нарачки, во кои однапред е диктиран изгледот на објектот.

> ТИЕ КАКО „ВИСОКИ ПРОФЕСИОНАЛЦИ” НИКАКО НЕ МОЖАТ ДА СЕ ПРАВДААТ ДЕКА НЕ ЗНАЕЛЕ ШТО ПРАВАТ, ПА ЗАТОА ДОБРО Е ДА ЈА ПОГЛЕДНАТ ГРАФИКАТА ОД ФРАНЦИСКО ГОЈА, НАРЕЧЕНА: ЗАСПАНИОТ УМ РАЃА ЧУДОВИШТА.

Но, за разлика од времето пред 333 години, нашите „академичарите” одат уште понатаму, тие не го диктираат изгледот

само на административно-управните објекти, туку и на т.н. технички објекти. Најнов и веројатно светски антологиски пример претставува конкурсот за катна гаража во Скопје на брегот на реката Вардар. За неа уште во рамките на ДУП се диктира архитектонски израз во вид на еден еклектицизам од најнизок ранг: „Фасадата на објектот да биде во стил на: барок, класицизам, неокласицизам, романтизам и неоромантизам". Ставајќи го сврзникот и "академичарите" изгледа дека не знаат што бараат, бидејќи со него поврзуваат некакво име на измислен стил „неоромантизам", кој никогаш и никаде досега не постоел. Господ може да им прости ако не знаат што прават, ама не верувам дека до толкава мера се необразовани. Не дај Боже наскоро да предложат некаква варијанта на архитектонски национален романтизам.

Доколку „академичарите" се доволно образовани и знаат што прават, тогаш дали има потреба од 333 историски поуки и аналогии? Има една и тоа многу голема причина: Да се спречат со своите еклектички ставови да ја залажуваат недоволно упатената јавност, вклучувајќи и поединци од културната јавност и државната номенклатура. Таквата постапка претставува типично предавство на архитектонската етика, во кое за жал во изминативе 2-3 години „несвесно" учествуваа и поединци од ААМ, па и од редовите на универзитетскиот кадар. Тие како „високи професионалци" никако не можат да се правдаат дека не знаеле што прават, па затоа добро е да ја погледнат графиката од Франциско Гоја, наречена: Заспаниот ум раѓа чудовишта.

> ЕВИДЕНТНО Е ДЕКА СО „ЗАГОВОРОТ НА АКАДЕМИЧАРИТЕ" МАКЕДОНСКИТЕ АРХИТЕКТИ ВО ПОЧЕТОКОТ НА XXI ВЕК СЕ ДОВЕДЕНИ ВО ПОЗИЦИЈА ДА СЕ БОРАТ ПРОТИВ ЕКЛЕКТИЦИЗМОТ НА XIX ВЕК, КАКО ШТО ТОА ГО ПРАВЕА ПИОНЕРИТЕ НА МОДЕРНАТА АРХИТЕКТУРА НА ПРАГОТ ОД XX ВЕК.

## Против „заговорот на академичарите”

Евидентно е драги мои дека со „заговорот на академичарите”, македонските архитекти во почетокот на XXI век се доведени во позиција да се борат против еклектицизмот на XIX век, како што тоа го правеа пионерите на модерната архитектура на прагот од XX век. Во нашава сегашна не/културна состојба многу актуелно звучи мотото на виенската сецесија: „На епохата – нејзината уметност, на уметноста – нејзината слобода” (1898). Од тоа може да се заклучи дека нашите „академичари” не се доволно свесни во која епоха живеат, а уште помалку знаат што значи творење во духот на времето. Затоа нашите творци со напредна мисла имаат една многу значајна задача: да ги разобличат заблудите на своето време, па дури и на сопствена материјална штета.

Според К. Линч (Сликата на еден град, 1974): “Граѓаните треба да се повикуваат на улица, а во школите и на факултетите да се држат курсеви, за градот да стане жива слика на нашето општество и неговите надежи”. Зошто? Зашто уште во V век пред нашата ера најдемократскиот владетел Перикле ги опоменува Атињаните, велејќи: „Оној што не учествува во настаните на својот град, не е мирен, туку е лош граѓанин”. А, сите ние знаеме како поминаа на Плоштадот нашите граѓани, кога пред една година на мирен начин сакаа да учествуваат во настаните на својот град. К.Н. Шулц (Егзистенција, простор, архитектура, 1975) со право констатира дека: „Архитектонскиот простор претставува материјализација на човековиот егзистенционален простор”, па затоа за неговото оформување треба да се прашаат и архитектите и пошироката јавност.

Исто така, познато е дека Елиел Саринен со право тврди дека: „Градскиот поредок на облиците и општествениот поредок мора да се развиваат рака под рака и меѓусебно да се инспирираат”. Оттука произлегува едно многу значајно пра-

НАЈНОВ И ВЕРОЈАТНО СВЕТСКИ АНТОЛОГИСКИ ПРИМЕР ПРЕТСТАВУВА КОНКУРСОТ ЗА КАТНА ГАРАЖА ВО СКОПЈЕ НА БРЕГОТ НА РЕКАТА ВАРДАР. ЗА НЕА УШТЕ ВО РАМКИТЕ НА ДУП СЕ ДИКТИРА АРХИТЕКТОНСКИ ИЗРАЗ: „ФАСАДАТА НА ОБЈЕКТОТ ДА БИДЕ ВО СТИЛ НА: БАРОК, КЛАСИЦИЗАМ, НЕОКЛАСИЦИЗАМ, РОМАНТИЗАМ И НЕОРОМАНТИЗАМ”.

шање: Кое и какво општество ги инспирирало македонските „академичари” да ги создадат облиците на проектот “Скопје 2014”? Или пак: Каква врска има нашата долговековна традиција со барокниот класицизам, извештачениот неокласицизам, или кој било друг „изам”? Одговорот на поставеното прашање го има дадено А. Лирса уште во далечната 1940 година: „Способниот архитект може да ги открие и на современ начин да ги интерпретира домашните традиционални вредности, бидејќи вештачкиот увоз на вредности од друга средина и од друго време, имаат други претензии”. Затоа се наметнува клучното прашање: „Чии и какви претензии имаат намера да задоволат ‘академичаритѐ со проектот “Скопје 2014”?

## Израз или стил во архитектурата?

Општо познато е дека изразот/стилот на објектот навлегува во суштината на архитектонската филозофија и затоа целосно е неприфатливо одлуките за него да ги донесуваат недоволно упатените поединци, а уште помалку политичкиот естаблишмент. Ако се согласиме дека реконструкцијата на градскиот центар претставува повеќе културен, отколку технички зафат, тогаш во прв план се појавуваат две прашања:

1. Како да се воспостави добрососедство и хармонија меѓу новите и старите објекти? и

2. Како да се изнајде најсоодветниот архитектонски израз/стил за новите објекти?

АФИРМАЦИЈАТА НА НАШАТА САМОБИТНОСТ НЕ МОЖЕ ДА СЕ НАПРАВИ ПРЕКУ ИМИТАЦИЈА НА УВЕЗЕНИ ЕКЛЕКТИЧКИ СТИЛОВИ, ТУКУ СО ПОМОШ НА КРЕАТИВНА СОВРЕМЕНА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА НАШЕТО БОГАТО ГРАДИТЕЛСКО НАСЛЕДСТВО.

Постапката за изнаоѓање на посакуваниот израз/стил, Елиел Саринен ја дефинира на следниов начин: „Искреното барање на архитектонските форми без намерна потрага по стилот е најсигурниот пат да се дојде до него”. Се разбира дека притоа се мисли на барањето нови, а не на копирање или имитирање стари форми, бидејќи големите архитектонско-уметнички епохи никогаш не ги имитирале епохите на своите предци (В. Гропиус).

Во сегашнава наметната состојба на стилски конфликти, сепак може да се сложиме дека најголемиот дел од архитектите во Р. Македонија покажа високо етичко ниво. Тоа се поткрепува со фактот што на конкурсите со однапред диктиран стил, од над 2000 илјади дипломирани архитекти зедоа учество само по неколку поединци. Зарем тоа не е доволна опомена за малобројните „академичари” поддржани од нивните моќни спонзори?

Сите оние кои имаат желба да расправаат и да нудат ставови за архитектонскиот израз/стил на објектот, или за неговата „фасада”, како што љубат да кажат „академичарите”, треба дефинитивно да научат дека:

„Архитектонскиот стил претставува дијалектичко единство на релативно постојаните белези на елементите што ја сочинуваат содржината и формата на објектот, како општи за конкретниот историски период и различни за одделните периоди. Тој претставува резултат од реализацијата на различните творечки методи и зависи од развојот на социо-функционалните, техничко-економските и идејно-естетските потреби на општеството” (Е. Христова, Естетика во архитектурата, 1979).

**ВО НАШАВА СЕГАШНА НЕ/КУЛТУРНА СОСТОЈБА МНОГУ АКТУЕЛНО ЗВУЧИ МОТОТО НА ВИЕНСКАТА СЕЦЕСИЈА: „НА ЕПОХАТА - НЕЈЗИНАТА УМЕТНОСТ, НА УМЕТНОСТА - НЕЈЗИНАТА СЛОБОДА" (1898).**

Познавајќи ги заложбите и „стручните" манипулации на новите „академичари", со сигурност може да се каже дека тие воопшто не знаат што е стил, па така ниту можат квалификувано да ги разликуваат различните историски стилови. Велам „историски", бидејќи стиловите дефинитивно се однесуваат на минатото, а не на архитектонскиот израз чие создавање е во тек и кој според своите квалитети во иднина би можел да се прогласи за стил.

На крај, се поставува прашањето: Како да дојдеме до еден современ архитектонски израз на актуелната македонска преродба? Се разбира не со диктат, туку низ една продлабочена стручно-научна расправа да ги усогласиме мислењата и да го пронајдеме заедничкиот именител на нашиот наследен регионален (национален?) архитектонски израз. Но, за жал најчесто се случува да гледаме и раскажуваме за она што се случува во светот, отколку да го видиме квалитетот што е секојдневно пред нашите очи. Како потврда за тоа може да послужи заклучокот на ученикот на Ле Корбизие, Душан Грабријан, кој во 1949 година истражувајќи ја т.н. народна архитектура во македонските населби, констатира:

„Она што го најдовме ги надмина сите наши очекувања, по цели денови бевме во екстаза, во непрестајно откривање и воодушевување. Насекаде наидувавме на реализирани, сосема современи прашања".

Токму во периодот кога е објавена неговата книга (Razvojni put naše savremene kuće, 1973) се случува еден вид нова преродба во македонската архитектура. Тогаш се создадени ан-

тологиските објекти во Скопје и во Охрид, чии автори се инспирираат од архитектурата на македонската преродба од XIX век и на современ начин ја интерпретираат, по принципот на аналогија или асоцијација. Таквиот пристап, во вид на метод на инвенција е применет кај објектите на МАНУ, Универзитетската библиотека, Универзитетскиот кампус итн. Користејќи слични методи, десетици години порано земјите на Скандинавија, Бразил и Јапонија успешно ја избегнаа замката на интернационалниот стил и создадоа свои препознатливи современи регионални архитектонски школи.

Денес, на почетокот на XXI век, кога светот забрзано се глобализира, нашите архитектите се поставени пред тежок предизвик: Како да го пронајдат архитектонскиот јазик на обновената желба за преродба? Односно: Како да се воспостави врската меѓу глобалните трендови на архитектурата на информатичкото општество и поуките од нашето богато градителско наследство?

**НАШИТЕ ТВОРЦИ СО НАПРЕДНА МИСЛА ИМААТ ЕДНА МНОГУ ЗНАЧАЈНА ЗАДАЧА: ДА ГИ РАЗОБЛИЧАТ ЗАБЛУДИТЕ НА СВОЕТО ВРЕМЕ, ПА ДУРИ И НА СОПСТВЕНА МАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА.**

Од согледаните противречности меѓу авангардните движења во светската архитектура и идеите претставени во проектот „Скопје 2014”, произлегуваат следниве заклучоци:

- Во име на напредокот на творечката мисла, слободоумните образовани архитекти во Р. Македонија не треба да прифаќаат каков било рецепт со кој однапред се наложува архитектонскиот израз на новите објекти;
- Архитектите изразуваат револт против институционалното наметнување на еклектичките стилови во архитектурата на новата информатичка епоха;

- Во име на архитектонската етика, се повикуваат малобројните архитекти кои земаат учество во „стилски” диктираните конкурси, да се откажат од тоа;
- Во име на вистината, се повикуваат и малобројните „академичари” да се откажат од понатамошното залажување на неупатената јавност, со тврдењето дека еклектичките стилови прикажани во проектот „Скопје 2014” се дел од нашата традиција;

Афирмацијата на нашата самобитност не може да се направи преку имитација на увезени еклектички стилови, туку со помош на креативна современа трансформација на нашето богато градителско наследство. На таков начин може да станеме достојни синови на нашите големи предци, а во исто време и почитувани граѓани на светот, кој што забрзано се глобализира.

**„Окно“, 22.03.10. (обраќање на професорот Токарев на вонредното собрание на „Асоцијацијата на архитекти на Македонија“ на 10.03.10.)**

*Михаил Токарев е професор на скопскиот Архитектонски факултет*

мирослав грчев

16

# БЕЗЗАКОНИЕ КОЕ ВОДИ ВО ПОДЕЛБА НА ДРЖАВАТА

Сите што ја видоа презентацијата на кошмарната визија за Скопје 2014 година, останаа со подотворени усти и тескоба во градите. Во оваа компјутерски генерирана грдотија сè е лажно: непостоечките архитектонски стилови, нереалните барокни споменици, ужасните згради кои ги затнуваат кејовите и плоштадите на главниот град, смешните лавови, црквата поставена на канализација (невиден срам!), малоумните врби сред Вардар... Сите овие „креации“ на македонскиот политички врв се како карневалски маски кои неук провинциски клептоман ги дрпнал протрчувајќи низ стоковната куќа на европската историја.

МАСКИТЕ ЗА ОВОЈ АРХИТЕКТОНСКИ КАРНЕВАЛ СЕ НАМЕНЕТИ ДА ЈА СОЗДАДАТ ИЛУЗИЈАТА ЗА НАПРЕДОКОТ И ПРОСПЕРИТЕТОТ, НО ИДЕЈНАТА ПУСТЕЛИЈА И НЕЗНАЕЊЕТО СО КОЕ ВЛАДАТА САКА ОД СКОПЈЕ ДА НАПРАВИ ПОТЕМКИНОВО СЕЛО, НЕ МОЖАТ ДА ГИ СКРИЈАТ ВЛАКНЕСТИТЕ НОЗЕ, ЧЕПУНКИТЕ, ОПАШОТ И ЈАРЕШКИОТ ЛИК НА ЃАВОЛСКОТО ЗЛО ШТО СЕ КРИЕ ЗАД ТИЕ МАСКИ И ТАНТЕЛИ.

Маските за овој архитектонски карневал се наменети да ја создадат илузијата за напредокот и просперитетот, но идејната пустелија и незнаењето со кое Владата сака од Скопје да направи Потемкиново село, не можат да ги скријат влакнестите нозе, чепунките, опашот и јарешкиот лик на ѓаволското зло што се крие зад тие маски и тантели. Колку и да се трудат да ја скријат злата намера (читај: политичката манипулација), таа им протекува низ грдата архитектура како врела писа низ гевгир. Овие, во својата суштина наивни и инфантилни урбанистички „визии“, на професионалец му изгледаат како дело на ментално болен архитектонски „Наполеон“, но на обичниот човек мора да му предизвикуваат длабока вознемиреност, зашто под налудничавите карневалски маски чувствува зло и затскриена закана.

Заканата се крие во слепата решителност на Владата да го пресоздаде центарот на Скопје по мерка на својата интелектуална инфериорност и малограѓанскиот кичерски вкус, и за тој нелегален проект да потроши стотици милиони евра народни пари. Оваа антинародна власт практично му се заканува на сопствениот народ „давајќи“ му насила „подароци“ купени со негови пари, спротивно на неговата волја и расположение. За овие карневалски маски таа ги гази Уставот, законите, стандардите, ги фалсификува процедурите, конкурсите, мислењата и согласностите, ги демонтира сите институции во државата, јавно ја корумпира Македонската православна црква, гази по правата на граѓаните, чувствата

**ОВАА АНТИНАРОДНА ВЛАСТ ПРАКТИЧНО МУ СЕ ЗАКАНУВА НА СОПСТВЕНИОТ НАРОД „ДАВАЈЌИ" МУ НАСИЛА „ПОДАРОЦИ" КУПЕНИ СО НЕГОВИ ПАРИ, СПРОТИВНО НА НЕГОВАТА ВОЛЈА И РАСПОЛОЖЕНИЕ. ЗА ОВИЕ КАРНЕВАЛСКИ МАСКИ ТАА ГИ ГАЗИ УСТАВОТ, ЗАКОНИТЕ, СТАНДАРДИТЕ, ГИ ФАЛСИФИКУВА ПРОЦЕДУРИТЕ, КОНКУРСИТЕ, МИСЛЕЊАТА И СОГЛАСНОСТИТЕ, ГИ ДЕМОНТИРА СИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО ДРЖАВАТА...**

на етничките заедници... Токму оваа безумна спремност на власта за својата налудничава „визија“ да ја плати било која висока цена – на сметка на џебот и грбот на граѓаните – егзистенцијално го застрашува и парализира народот македонски.

Болната опсесивност на власта, нејзините налудничави креации – макар насила – да бидат прифатени како сакан подарок, е вообичаен симптом на патологијата на современите апсолутистички режими. Сите тие имаат патолошка потреба да бидат сакани. Сите покажуваат компулсивен ентузијазам во миг да го пресоздадат светот според сопствените манијакални (и најчесто кичерски) визии, кај сите постои таа агресивна потреба да бидат обожувани... Задоволувајќи ја оваа потреба, сите диктатури стварноста ја заменуваат со пропаганда! Од таму потекнува и нивната спремност да го потрошат целото национално богатство на саморекламирање. Од истиот ѓол потекнува и малограѓанската „ситничавост“ кон божемното задоволување на правната форма и кон „јавното мнение“, инсистирањето да „изгледаат чесни“ и „сè да биде по закон“, без оглед на демонски незаконската содржина на сите „хартии“ што ги произведуваат.

Поради тоа и нашиот „троа фашизам“ – меката карневалска верзија на ДПМНЕ – особено се трудеше „визијата“ за Скопје 2014 да биде „по сите можни закони“ и ситничареше околу собирањето на потребните мислења, согласности и процедури за измените на урбанистичкиот план за Малиот ринг...

**ПРИОРИТЕТНАТА ПРОГРАМА НА ВЛАДАТА И СКРАТЕНАТА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ СЕ ИЗБРИШАНИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ ВО ЈУЛИ 2009 ГОДИНА!!! „БИЛМЕЗИТЕ" ЈА ИЗВЕДОА ЦЕЛАТА ПОСТАПКА ЗА СВОЈОТ НАЈВАЖЕН ПРОЕКТ БЕЗ ПРАВЕН ОСНОВ, СПОРЕД НЕВАЖЕЧКИ ОДРЕДБИ, КОИ САМИТЕ ПРЕТХОДНО СО ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ГИ ИЗБРИШАА!**

Не изненадува што содржината на урбанистичкиот план е спротивна на законот, што мислењето на Управата за културно наследство е спротивно на законот, што согласноста на министерството и на Градот Скопје се исто така спротивни на законот, сите суштински неуставности се неинтересни за власта – сè додека општата форма е задоволена, додека листата законски постапки за донесување на планот е комплетна.

Но, шокира сознанието дека Владата на РМ и општината Центар ја спровеле целокупната постапка за изработување и донесување на деталниот урбанистички план за Малиот ринг според неважечка законска процедура, значи донеле документ без правен основ, неспроведлив и неважечки!

Еве за што се работи: постапката за изработување и донесување на урбанистичкиот план за Малиот ринг почна со носењето на Програмата за приоритетна изработка на урбанистички планови на Владата на РМ во ноември 2009. Според оваа програма општината Центар – по специјална скратена постапка – експресно го изработи Малиот ринг во предлог план (прескокнувајќи ја фазата на нацрт план која е задолжителна за сите планови), го изложи на јавна анкета за време на новогодишните и божикните празници (!), и го донесе на 29 јануари 2010. Но, целата оваа постапка владата и општината ја изведоа според одредби од закон кои се вон сила! Ако не ви се верува на очите, ќе ви повторам со големи букви: ПРИОРИТЕТНАТА ПРОГРАМА НА ВЛАДАТА И СКРАТЕНАТА ПО-

СТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ СЕ ИЗБРИШАНИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ ВО ЈУЛИ 2009 ГОДИНА!!! „Билмезите" ја изведоа целата постапка за својот најважен проект без правен основ, според неважечки одредби, кои самите претходно со измени на законот ги избришаа! Постои ли поголем резил за еден „поштен" национал-социјалистички режим кој сака „сѐ да биде по закон"?

Сите органи на власта и сите граѓани во државава сега знаат дека оградата на плоштадот е незаконска, дека изместувањето на главната канализација од под црквата е незаконско, дека малоумната капија, врбите и објектите на кејот... дека сите се незаконски, зашто планот за Малиот ринг - во кој тие се нацртани - е правно ништовен и практично не постои. Реализацијата на карневалската „визија" ќе мора да се одложи додека општината не ја повтори процедурата од почеток – овојпат барем формално според законот. И, да, за олку очевидна и скандалозна незаконитост не мора да се чека Уставниот суд да одлучува – секој правник и секој писмен човек може да ја утврди, но, единствено од педагошки причини, иницијативата за оценување на уставноста е веќе на пат кон судот...

СИТЕ ДИКТАТУРИ СТВАРНОСТА ЈА ЗАМЕНУВААТ СО ПРОПАГАНДА! ОД ТАМУ ПОТЕКНУВА И НИВНАТА СПРЕМНОСТ ДА ГО ПОТРОШАТ ЦЕЛОТО НАЦИОНАЛНО БОГАТСТВО НА САМОРЕКЛАМИРАЊЕ.

***

Последиците од овој тажен архитектонски карневал, меѓутоа, ќе бидат многу посериозни од очекуваното расчистување на бетонскиот и бронзениот послекарневалски отпад. Тие

**ВЛАДАТА ОЧИГЛЕДНО ЈА ОБЕЛЕЖУВА НЕЈЗИНАТА ЗАМИСЛЕНА ЕТНИЧКИ И КОНФЕСИОНАЛНО „ЧИСТА" ТЕРИТОРИЈА И СО „СКОПЈЕ 2014" ПРЕМИЕРОТ ГРУЕВСКИ, ВСУШНОСТ, СО ИЗВЕЖБАН „ГРИФ", ФРЛА ЛОПАТА СВЕЖ БЕТОН ВО ФУНДАМЕНТИТЕ НА ИДНАТА ПОДЕЛБА НА МАКЕДОНИЈА.**

ќе бидат веројатно многу подлабоки и подалекусежни отколку што денес било кој во Македонија е спремен да прифати. Изведувајќи ги своите несериозни архитектонски будалаштини по центарот на Скопје, Владата ја суспендира правната држава, ги гази основните уставни поставки за нашата државност и ги кине конците на сеуште свежите шевови од меѓуетничкиот договор за соживот, на кој почива македонската кревка иднина. Претерувам? Еве ви неколку факти. Владата донесе одлука за изградба на православен храм на главниот градски плоштад, спротивно на уставната одредба за одвоеноста на верските заедници од државата (член 19 од Уставот). Со овој потег таа го прекрши и принципот на еднаквост на верските заедници пред законот, зашто во незаконска постапка ја фаворизираше МПЦ и ѝ подари скапоцено општонародно земјиште за изградба на храмот. Понатаму, Владата одлучи да го „возобнови" Офицерскиот дом, што не е само архитектонска или културно историска глупост, туку – во светло на претходната „бравура" со православниот храм - вистински шамар и плуканица во лице на целата исламска верска заедница! Нотерен факт е дека офицерскиот дом бил изграден, во слава на српското оружје, 1929 година, на местото на Бурмали џамијата, и дека за таа цел џамијата била урната 1925 година со динамит. И да споредиме: од една страна, ДПМНЕ измислува невозможна локација за да „обнови" црква на место на кое никогаш немало сакрален објект, од друга страна, на местото на кое повеќе од четири века стоела Бурмали џамијата (која – да преживееше – сигурно ќе беше споменик на култу-

рата), значи на проверено сакрална локација, дпмневци го „возобновуваат“ освојувачкиот кич објект!? Што може да се заклучи од ова? Дека владата очигледно ја обележува нејзината замислена етнички и конфесионално „чиста“ територија и дека со „Скопје 2014“ премиерот Груевски, всушност, со извежбан „гриф“, ја фрла лопатата свеж бетон во фундаментите на идната поделба на Македонија.

**НОТОРЕН ФАКТ Е ДЕКА ОФИЦЕРСКИОТ ДОМ БИЛ ИЗГРАДЕН, ВО СЛАВА НА СРПСКОТО ОРУЖЈЕ, 1929 ГОДИНА, НА МЕСТОТО НА БУРМАЛИ ЏАМИЈАТА, И ДЕКА ЗА ТАА ЦЕЛ ЏАМИЈАТА БИЛА УРНАТА 1925 ГОДИНА СО ДИНАМИТ.**

Ако сметате дека заклучокот е премногу радикален, еве уште неколку „освежувачки“ факти. Скулптурите (и коњите) со кои Владата ќе го насели центарот на Скопје се уште појасен пример за кршење на законот и Уставот, кое цели да ја дели Македонија по нејзините незараснати шевови. Имено, сите овие скулптури се реализираат низ „Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен обележја“ донесена од Советот на општина Центар, којашто е во целост спротивна на „Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата“. Во овој закон е сосем јасно и резолутно утврдено дека во надлежност на општините е подигањето само на спомен-обележјата за настани и личности исклучиво од локално значење (член 4), а личностите од државно значење се во надлежност на републичкото собрание (член 3). Секому во земјава му е јасно дека Гоце, Даме и другарите – сите до еден – не се личности од локално значење и дека ниту еден од настаните (од програмата за спомен-обележја) не се случил во општина Центар! Секому освен на билмезите од ДПМНЕ. За нив одредбата во Законот за меморијалните споменици... дека настаните и личностите од иcлучително значење за држав-

носта, кои се „вградени во историскиот развој на земјата“ се обележуваат со меморијален споменик (член 3) кој „може да го подига Собранието на Р. Македонија“ (член 5), очигледно не значи ништо. Зарем инфантилците што владет со земјата сметаат дека е доволно само да ги „третираат“ личностите од државно значење како „локалци“ и никој нема да ја забележи нивната „мала“ измама? Како дечињата кои кога ќе замижат, си мислат дека и нив никој не ги гледа!?

Оваа – сосем инфантилна – итрина на партијата на власт претставува практично преземање на надлежностите на Собранието од страна на општината, или поточно, суспендирање на Собранието на Р. Македонија. Јасно ми е дека оваа констатација веќе никого не шокира во земјава. Но, во светло на членот 8 од Законот за меморијални споменици... во кој пишува дека „за секој меморијален споменик (...) Собранието донесува Одлука (...) со мнозинство од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Р. Македонија“, во светло на оваа одредба, значи, станува јасно дека ДПМНЕ го суспендира Уставот токму таму каде што тој ја уредува најкревката материја од македонската државност – „Бадинтеровото мнозинство“ кое треба да го обезбеди соживотот на Македонците и Албанците во земјата. Реализацијата на проектот „Скопје 2014“ веќе трета година се врши со кршење на уставното право на македонските Албанци да учествуваат

РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ „СКОПЈЕ 2014“ ВЕЌЕ ТРЕТА ГОДИНА СЕ ВРШИ СО КРШЕЊЕ НА УСТАВНОТО ПРАВО НА МАКЕДОНСКИТЕ АЛБАНЦИ ДА УЧЕСТВУВААТ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО ЗА ПРАШАЊА КОИ СЕ ВО НАДЛЕЖНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКАТА...

во одлучувањето за прашања кои се во надлежност на Собранието на Републиката...

И, зарем за ова очигледно, брутално кршење на Уставот треба да одлучува Уставниот суд? Па тој не може да ја заменува Владата и сите други органи на државата кои се должни да го спроведуваат и штитат Уставот! Затоа, ќе повторам: во време на пожар, кога токму Владата – која се заколнала дека ќе го штити уставниот поредок – одлучно, упорно и јавно го крши Уставот, нема зошто да чешламе коси и да расправаме за трици како што се, на пример, архитектонските стилови кои ги љуби Најголемиот Македонски Урбанист и Архитект. „Скопје 2014“ е визија за поделба на Македонија, уште од неговите први креации  во далечната 2007 година. Денес во Македонија вреди да се расправа само за архитектурата на нејзиното пропаѓање и поделба. А архитектонските објекти и скулптурите, во оваа морничава претстава, се само симптомите на менталната болест што ја убива Македонија, историски отпад што несреќите им го оставаат за чистење на преживеаните...

**дел од текстов е објавен во „Утрински весник“, 6.03.10.**

*Мирослав Грчев е професор на скопскиот
Архитектонски факултет*



мирослав грчев
драган поповски
влатко п. коробар
радмила шекеринска
сања рађеновиќ-јовановиќ
мерсел биљали
жарко трајаноски
дејан бућевац
петрула костовска
ана ангелова
томислав османли
ристо лазаров
михаил токарев
прва архи-бригада

едиција

книга 1
13 автори
**НЕРЕД И ГРОТЕСКА**
разговори и сатири за проектот „Скопје 2014"

книга 3
никола гелевски
**АРХИТОРТУРА & ГРОБАЛИЗАЦИЈА**
текстови за градот

ТЕМПЛУМ

ПЛОШТАД СЛОБОДА